СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕД0НИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од 34-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 март 1992 година

Скопје, март 1992 година

ДИСКУТАНТИ ОД 34 (Триесет и четвртата) СЕДНИЦА
НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА
17 МАРТ 1992 ГОДИНА

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТРАНА
8, 9, 10

1. АНДОВ СТОЈАН - 3,30,34,50,53,57,58,60,73,77,60,84
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 12.72
3. АНДОНОВ ТИМЕ - 18
4. АТАНАСОВСКИ МИТКО - 20
5. АНГЕЛОВ ИВАН - 23,46.
6. АЛИУ ЕШРЕФ - 77
7. ГОШЕВ ТУШЕ - 70,75,83.
8. ДАВЧЕВ САНДЕ - 63
9. ДИМОВА ДОСТА - 33
10. ДИМОВ ТОДОР - 64
11. ЗИМБАКОВ ВАСИЛ - 22
12. ЗИБЕРИ НАСЕР - 62
13. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 24
14. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 1,29.
15. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 12,17.
16. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 55.
17. МЛАДЕНОВСКИ ВАНЧО - 37,81.
18. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 13,38.
19. МИНОВ ПАНЧЕ - 73
20. НАУМОВ ЃОРЃИ - 66,76.
21. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 56,78.
22. ПОПОВСКИ КИРО - 41.
23. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 3.
24. ПРЕВАЛА ШАБАН - 39.
25. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 57.
26. СИЛЈАНОВСКИ НАУМ - 29
27. СПИРОВСКИ АЦО - 28.
28. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 19,20,25,35
29. СТЕФКОФСКИ ТОМИСЛАВ - 11,43,49,50,51,52
30. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 21,26,68,79,80
31. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 35.
32. ТРАЈКОВСКИ ПЕТРЕ - 16,25,45
33. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 44.
34. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 11,55.
35. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 27.
36. ЦЕФАРОВСКИ АЛИЛ - 14.

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од 34-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 март 1992 година

Седницата се одржа во Собарнеито на Република Македонија со почеток во 15,оо часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

СТОЈАН АНДОВ:

Ја отворам 34-та седница на Собарниeто на Република Македонија.

Пратениците Димитар Поповски, Марин Миленковски и Славе Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да учествуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството на пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да да одлучува.

Записниците од 29-та, 30-та, 31-та, 32-та и 33-та седница на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Дали од пратениците има забелешки на записниците?

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, на крај веќе започнавме да работиме редовно така да го добивме записникот од 33-та седница. Сега сме 34-та седница, значи имаме некое подобрување.

На минатаата седница јас имав забелешки па така во записникот од 33-та седница пишува вака: "Пратеникот Кирил Ковачевски повикувајќи се на деловникот на Собранието стави забелешка

за навремено доставување на записниците на седниците на Собранието." Јас дадов и други забелешки па треба и тие да се внесат. Дадов забелешка дека работиме со стар деловник. Веровантно драги пратеници се сеќавате кога реков стар деловник а нов Устав. Требаше деловникот да се промени.

Исто така спомнав дека работиме со секретар кој се уште не е именуван. Истото го велам од тие причини што не би сакал да сносам одговорност и да ми се смеат идните генерации како сме работеле во овој Парламент. Навистина ќе ни се смеат идните генрации кога ќе ги читаат овие записници. Записниците влегуваат во историајта на овој Парламент и ние сносиме историска одговорност, затоа предлагам да се внесат и овие мои забелешки од минатата седница.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам тие забелешки не можеме да ги внесеме. Тие не биле резултат на расправа на седницата за која се прави записник. Така да тоа не е забелешка на записникот, тоа е слободно искажување надвор од записникот и надвор од дневниот ред, на пратеникот кој земал збор по тоа. Ние претходната седница кога сме имале расправа за тоа не сме расправале па тоа да влезе во записникот. затоа предлагам овие забелешки на господинот Ковачевски да не се прифатат, бидејќи не се дел односно не се однесуваат на записникот. Со каков деловник работиме ние не сме расправале па тоа да влезе во записникот.

Дали има други забелешки на записниците?

мерсим положани:

На 31-та седница под точка 2- Информацијата за политичко-безбедноссната состојба по референдумот на Албанците кога јас вториот ден предложив седницата да се прекине поради причините кои тогаш ги наведов и кои сметам не треба сега да ги повторувам, реков седницата да се прекине и уште додадов после тоа да се гласа по предложените заклучоци, а не како што пишува во записникот на страна 4, првиот пасус каде што вика пратеникот Мерсим Положани предложи пратениците кои се пријавени да дискутираат да се откажат од дискусијата, а сега спорниот текст односно делот од реченицата - Собранието да ги усвои предложените заклучоци. Јас реков да се прекине седницата, а после да се гласа по заклучоците. Ве молам, оваа забелешка да се прифати.

СТОЈАН АНДОВ:

Предлогот беше, како што пишува, не да се прекине седницата, туку пратениците да се откажат во учество во расправата и тоа е точно наведено во записникот, а потоа неговото искажување, колку што јас се сеќавам, но треба да се види во стенографските белешки, беше да се гласа за предлогот на заклучоците од Комисијата и така се и постапи.

Молам, нека се види точно во стенографските белешки и да се внесат овие исправки.

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Констатирам дека записнидите од 29-та, 30-та и 31-та; 32-та и 33-та седница се усвоени со оваа забелешка што господин Положани ја даде.

За седницата поканети се: Претседателот на Републиката Киро Глигоров, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија, Републичкиот завод за хирдрометеоролошкиот завод, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпувањето на точките од дневниот ред.

Дали се согласувате со овој предлог? (Се согласуваме)

Ве известувам дека група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ достави предлог за утврдување на одговорноста и разрешување на претседателот на Собранието на Република Македонија и барање Собранието на Република Македонија на 34-та седница да одлучи да се поведе расправа.

Предлогот на групата пратеници ви е доставен.

Предлагам дневниот ред за денешната седница да се дополни со овој предлог.

Кој е за  предлогот молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (2)

Има ли воздржани? (2)

Констатирам дека  предлогот е усвоен.

Прастеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на  28.1.1992 година поднесе интерпелација за работата на членот на Владата на Република Мкаедонија и министер за односи со странство д-р Денко Малески.

Согласно Деловникот интерпелацијата е доставена до претседателот на Владата на Република Македонија на 30-1-1992 година и до пратенидите на 31-1-1992 година.

Владата на Република Македонија утврди став по повод интерпелацијата кој е доставен до Собранието на Република Македонија на 10-03-1992 година.

Ставот на Владата на Република Македонија ви е доставен на 11 март 1992 година.

Истиот ден пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се обрати до претседателот на Собранието да ургира Владата на Република Македонија да достави извештај по повод поднесената интерпелација и ова обраќање е доставено до Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија на 16 март 1992 година извести дека доставениот став претставува извештај по повод поднесената интерпелација.

Според тоа предлагам да се дополни дневниот ред со интерпелацијата за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за односи со странство.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (3)

Има ли воздржани? (1)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на РМ достави предлог за донесување на закон единствениот матичен број на граѓаните со предлог да биде разгледан на денешната седница.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна:одбрана и ЗПК го поддржуваат предлогот на Владата.

Кој е за предлогот да се дополни дневниот ред со оваа точка молам да крене рака? (пратениците креваат рака)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека предлогот е сувоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред за денешната седница да се дополни со предлог - одлука за разрешување судија на Врховниот суд на РМ и предлог на одлука за разрешување на судија за прекршоци во Општинскиот суд за прекршоци - Скопје.

Кој е за предлогот на Комисијата молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Ве известувам дека Комисијата за внатрешна политика и општонародна:одбрана предлага Собранието да не го разгледува на оваа седница предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законто за личното име со предлог на закон, туку да ја задолжи Владата на РМ да го преиспита уште еднаш членот 2 и законот да го достави заедно со законот за матичните книги.

Кој е за предлогот на Комисијата молам да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (6)

Дали некој се воздржува од гласање? (3)

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Пратеникот Тодор Петров достави предлог за дополнување на дневниот ред со информација за монетарното осамостојување на Р; по барање на Советот на гувернерите на Народна банка на Југославија со барање предлогот да се достави до пратениците како и

до Владата за да подготви писмена информација.

Предлогот на пратеникот Тодор Петров е доставен до пратениците на 6 март 1992 година а до Владата нас 5 март 1992 година, меѓутоа, до денес писмената информација не е доставена.

Истовремено пратеникот Тодор Петров побара да се отвори расправа за итноста на прашањето кое го предлага да се стави на дневен ред, односно ја образложи итноста од разгледување на ова прашање.

Според одредбите на деловникот за итноста на некои прашања се поднесува образложение доколку пости писмен материјал. Според тоа по ова прашање Собранието ќе расправа по добивање на писмен материјал.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ предлага Собранието да ја задолжи Владата на РМ да изготви и на Собранието да му достави мерки за заштита на студентскиот стандард.

Кој е за предлогот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да крене рака. (Пратениците креваат рака)

Дали има некој против? (4)

Дали -некој се воздржува од гласање? (10)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешанта седница го предлагвм следниот дневен ред.

ДНЕВЕН РЕД:

1. Предлог на група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ за утврдување на одговорност и разрешување на претседателот на Собранието на Република Македонија;

2. Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за односи со странство;

3. Предлог за донесување на закон за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните;

4. Предлог за донесување на закон за единствениот матичен број на граѓаните;

5. Предлог за донесување на закон за Републичкиот судски совет;

6. Предлог за донесување на закон за судовите;

7. Предлог за донесување на закон за јавното обвинителство;

8. Предлог за донесување на закон за адвокатурата;

9. Предлог за донесување на закон за надворешно-трговското работење;

10. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за внатрешни работи, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за работни односи;со Предлог на закон;

12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за извршување на санкциите за кривични дела и стопански престапи;

13. Предлог на закон за вршење на хидророметеоролошки работи;

14. Предлог на одлука за стапките на придонесот за вработување за 1992 година;

15. Предлог на програма за работа на Собранието на Република Македонија за 1992 година;

16. Информација за изнесуваше на материјално-техничките средства и опремата на ЈНА од територијата на Република Македонија, обезбедувањето на државната граница, територијата и воздушниот простор на Република Македонија и Информација за изнесување на воена опрема и техника од територијата на Република Македонија и безбедноста на државната граница;

17.Информација за финансиските проблеми во спроведувашето на пензиското и инвалидското осигурување на Република Македонија во 1991 година, со Предлог на мерки;

18. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за висината на месечниот надоместок на трошоците за вршење на пратеничката функција;

19. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници;

20. Предлог на одлука за состав на Уредувачкиот одбор на "Собранискиот информатор";

21.Предлог на одлука за разрешување судија на Врховниот суд на Република Македонија;

22. Предлог на одлука за разрешување судија за прекршоци во Општинскиот суд за прекршоци - Скопје;

23.Предлог на одлука за разрешување судија во Општинскиот суд за прекршоци во Струмица;

24.Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Климент Охридски";

25.Предлог на одлука за разрешување и именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври";

26.Предлог на одлука за разрешување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "25 Мај";

27. Предлог на одлука за именување членови на комисиите за изготвување предлог за именување на индивидуални работоводни органи;

28. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Советот на РО Економски институт - "Скопје", за именување на индивидуален работоводен орган на Институтот;

29. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката на Ветеринарниот институт - Скопје за именување индивидуален работоводен орган на Институтот;

30. Предлог на одлука за недавање согласност на Одлуката на Советот на Институтот за старословенска култура во Прилеп за именување на индивидуален работоводен орган на Институтот.

31. Предлог на заклучок во врска со примената на Општествениот договор за заедничката политика за решавање на материјалната положба и развој на дневните информативно-политички весници во СР Македонија ("Службен весник на СРМ" број 43 од 1981 година).

Дали има некој предлог за изменуваше и дополнување на предложениот дневен ред?

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Со оглед дека е даден предлог од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за утврдување на договорнсота на претседателот на Собранието на РМ Стојан Андов и следствено на тоа и негово разрешување, сметаме, да не би дошло до блокада на работата на денешната 34-та седница, потребно е и предлагаме точката да се помести некаде на крајот кај точките за избор и именување. Сметаме дека со ова даваме придонес за успешна работа на Собранието по онеи бројни закони за  кои ние досега се залагавме.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали некој од пратениците бара збор по истиот предлог?

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Бидејќи нема да дојде до никаква блокада и не намераваме да правиме блокади предлагам точката да биде како што беше прва на дневниот ред.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој друг бара збор по ова шрашање? (Никој)

Го ставам на гласање предлогот на господинот Стеф-ковски.

Кој е за молам да крене рака? (26)

Дали е некој против? (56)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Според тоа констатирам дека предлогот на господинот Стефковски не е прифатен.

ГОРГИ КОТЕВСКИ:

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, сакам да ве потсетам на една обврска што на последната седница на Парламентот ја зедовме како цел, а тоа беше расправата околу земјоделието и мерките и заклучоците кои беа донесени на последната седница. Исто така, во согласност со тие заклучоци и овде беше децидно кажано дека на наредната седница ќе стане збор, т.е. ќе биде поставена посебна точка за пролетната сеидба во Република Македонија. Со оглед на тоа што јас во дневниот ред не гледам ниту една ваква точка, а исто така нашата пратеничка група од 25 февруари имаше поднесено иницијатива, мислам дека оваа точка треба да биде ставена како прва на дневен ред. Точката да гласи - Пролетната сеидба и проблемите во аграрот. Мислам дека не треба поголемо образложе-ние затоа што оваа иницијатива е испратена до сите вас, јас ја имам овде не сакам да ја препрочитувам и се надевам дека оваа точка ќе биде ставена како прва на дневниот ред. Со оглед на тоа што состојбата во Македонија за пролетната сеидба е повеќе од катастрофална иако ние како Парламент донесовме одредени заклучоци, но тие во живот   не се ни спроведени, а значителн дел, ќе помине и оваа пролетна сеидба, нема да бидат остварени. Затоа ве молам придружетесе кон овој мој предлог и оваа точка да се стави на дневен ред.

ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, членови на Владата,

Во врска со ова прашање што го постави колегата Котевски, Комисијата заседаваше денеска и заседовме став, бидејќи Министерството за земјоделие има изготвено една информација во врска

со остварувањето на заклучоците за аграрот, а бидејќи Информацијата не поминала на Владата, заклучивме Информацијата да помине на Владата со одредени укажуваша и истото прашање да се постави на дневен ред на наредната седница на Парламентот.

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, Ми се чини дека се вртиме само околу политиката, а стопанството, односно земјоделието две најважни точки од кои треба да се живее секогаш ги поставуваме или последни или ги одлагаме или ќе бараме информации или не поминало на Владата, не поминало овде, а знаеме дека земјоделието, кој е земјоделец и кој е добар орач до сега ако не ги изорал нивите за пролетната сеидба, тој не е добар земјоделец. Владата треба така да го цени ова прашање и до сега требаше не заклучоците да одат на повторно разгледување, туку по мое мислење до крајот на февруари требаше да поминат системските закони за аграрот, за земјоделието, а не со заклучоци како што тоа го правиме. Како што констатирав денеска на Комисијата ние донесовме заклучоци за да се извршат, меѓутоа, заклучоците се изиграни.

Еве како што знаете сите беше донесен заклучок дека од откупната цена на шеќерната репа, сончогледот, пченицата и другите земјоделски производи што ги набројавме оризот, грозјето, 50% да се исплатат. Од каде излезе друг заклучок на Комисијата и јас реагирав на тоа, излезе дека сега заклучокот не е тој, туку нешто друго, тоа беше некоја разлика во врска со шеќерот и други заклучоци за стимул на работа, сега тие го намалуваат тоа, ни ги врзуваат очите тоа влегува во тие 50% а да се исплати 20%. Што е тоа во заклучокот повторно да се исплати 30%. Значи се прават ма-

нипулации па затоа предлагам Владата да не ги одлага заклучоците, туку системските закони да ги донесе сега во моментот поготово законите за аграрот за пролетната сеидба и да се напуштат оние манипулации за регресирање, еве што стана со тоа регресирање. Само да го земам примерот со нафтата во 1991 година дури сега им исплатуваат 12% за минатогодишната сеидба, за регрес на нафтата. Значи манипулираме и понатаму го лажеме земјоделецот и постепено ќе го натераме, а како што велиме немаме други производи, ќе немаме и земјоделски производи. Затоа предлагам оваа точка да биде на дневен ред и да се расправа не само заклучоците, туку да се донесат, ако неможе законот сега или некоја одлука на Собранието што побргу да се подготват сите потребни агротехнички мерки оти ако почекаме како што не зафати оваа суша утре не ќе може ни да се ора и потоа ќе бараме ефтин леб и други производи што ќе ги немаме, како што тргнавме да одиме по ваква постапка.

Толку за сега, а си го задржувам правото потоа да дискутирам ако влезе оваа точка на дневен ред, заради тоа што многу пати рековме дека го изедначуваме индивидуалниот сектор со општествениот, тогаш ќе кажам повеќе затоа што и во тој случај најповеќе е изигран земјоделецот.

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:

Почитувани пратеници ако се сеќавате на минатата седница на дневен ред беше точката - Предлог мерки на Владата на Република Македонија за земјоделието. Тогаш кога требаше да расправаме за мерките и проблемите во земјоделието се ограничивме на пет минути, сите кренавте рака и сега само по дваесетина дена видовме дека не било во ред, па дајте повторно да расправаме.

Владата предложи мерки и ние со заклучоците ги усвоивме. Побаравме со заклучоците Владата да ги операционализира тие мерки. Колку што знам со одлуки на Владата тие се операционализирани и наша должност е да бараме од Владата како извршна власт и ние како законодавно тело, како законодавна власт да создадеме услови за земјоделието, а не ова да се претвора во дебата како во некогашните пленуми на ЦК кои беа дајте да расправаме за земјоделието, за пролетната сеидба, за есенската сеидба, да формираме некакви одбори за следење, да не ни побегне некаде, изгледа не можеме да се ослободиме од тие работи, па сметам дека нема никаква причина денеска да се расправа за оваа точка, уште повеќе што Министерството подготвува информација и таа веројатно на наредната седница ќе дојде на дневен ред како што е редот во ова Собрание, ќе оди на работни тела и ќе дојде пред Парламентот да се расправа околу таа информација, дали е во ред или не е.

Што се однесува до тоа колку се во согласност одлуките на Владата со мерките кои ги усвоивме овде е друго прашање, има повеќе пропусти, но кога ќе дојде информацијата за тоа ќе расправаме, немојте сега маркетинг да правиме некој бил за земјоделието, некој не бил. Дајте да создадеме услови за земјоделието, а не да расправаме за пролетна и есенска вакква или онаква сеидба. Сеидбата ќе биде, а ние сме должни да создадеме услови, а не да кажеме како треба и како да се сее, јас незнам што е тоа што треба да се расправа, треба да се создадат услови и ништо друго, а за тоа и Владата и ние таму каде што греши ќе кажеме господа грешите исправете се, вака треба да биде.

ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:

Почитувани пратеници оваа точка ми е обврска, јас како агроном,да барам да се стави на дневен ред и не е никаков маркетинг а најлошо е на земјоделецот да се прави маркетинг. Ние знаеме, поготово ние што сме од Комисијата за земјоделие дека од ноември истите заклучоци одат Собрание-Влада - Комисија, се носи одлука по три месеци за тие заклучоци, таа одлука се прифаќа и тие заклучоци на Собранието кога дојде моментот да се спроведуваат тие заклучоци нема врска со тоа прифаќање. Еве на пример земјоделците не можат да земат нафта, регрес кај нафатата нема, ние знаеме дека од бензинските пумпи ги враќаат луѓето им бараат потврди, им велат одете во Владата, средствата од 50% за зголемување на токупната цена од општина до општина има голема разлика. План за производство не е можно на никој начин да се направи. Точката на дневен ред се бара не за некој маркетинг, туку за осигуругвање на тие работи како што беше барањето иницијатива на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ тоа се носење под итна постапка на системските закони кои се најпотребни во земјоделското производство и примарното земјоделско производство, бидејќи тие иницијативи, предлози, хартии една година наназад се носат. Точно една година откако почна да работи Комисијата за земјоделство и шумарство и до ден денеска не е сторено ништо. Да го земеме примерот со кредитите. Кредитите се земаа преку задруги, комбинати со вакви или онакви камати кои дестимулативно делуваа на земјоделците и кои неможат ни да ги земат. Целта е да се донесат закони под итно, да се донесат одлуки со кои би се реализирале и би почнала таа работа. Јас мислам дека не треба политички маркетинг да правиме кога се однесува на земјоделското производство, а знаеме дека е некаде 87% во рацете на индивидуалните земјоделци кои треба сите партии

независно дали лев или десен блок да го свртиме вниманието и да почнеме со реализација на тие предлог-заклучоци. Затоа молам оваа точка да се стави на дневен ред, а Владата дали има или нема иницијатива треба да си каже овде и да видиме зошто е така.

ГОРГИ КОТЕВСКИ:

Мислам дека навистина нема резон да се излегува на говорница и постојано година ипол да слушаме обична тафтологија маркетинг, маркетинг, ми премина преку глава. Не станува збор за маркетинг, не знам колку господата што дискутира е запознаена со ситуацијата што е со аграрот во Македонија. Јас како пратеник лично со Здружението на земјоделците од Битола, со Независниот синдикат на земјоделците од Македонија веќе два ипол месеци се договараме и преговараме и заедно со министерот за земјоделие и доста работи на одреден начин се регулирани или се на пат некои законски акти да се донесат. Меѓутоа, апсолутно не е спорно дека помина долго време и тоа значително долго време од минатогодишната пролетна сеидба кога требаше да се интервенира во нашето земјоделие до денеска иако често пати апелиравме дека треба да се преземат меркн, апсолутно ништо не е сторено.

Исто така, потсетете се station наназад или може да се прожектира една емисија, овде откако влеговме во Парламентот да видиме што зборевме и што ветуваше Владата кога постојано инсистиравме да се донесат законски акти се чекаше Уставот. Се донесе и Уставот и се кажуваше еве ја папката сите системски закони се подготвени, но до ден денеска уште се подготвени. Минатата година поминавме во земјоделието со семенски материјал увезен од другите републики кој скапо го плативме. Сега само за една информација целото

минатогодишно производство на сончоглед треба годинава да се даде само за семенски материјал да се посеат површините во Македонија. Минатата година не размислувавме за тоа прашање, не не интересираа ни закони, ни ова ни она, годинава пак ќе видиме што ќе се случи. Затоа јас инсистирам, бидејќи имам еден вид задолжение од земјоделците и од мојата изборна единица, од Здружението на земјоделците од Битола, Независниот синдикат на земјоделците, оваа точка да се постави на дневен ред.

ТИМЕ АНДОНОВ:

Почитувани пратеници, како член на Комисијата за земјоделие и шумарство, пред се овој предлог да се даде информација од донесените мерки од донесените заклучоци на минатата седница на Парламентот за аграрот ја дадов јас на Комисијата и Комисијата ја прифати. Но, бидејќи Комисијата имаше состанок во петокот мислам на овој петок, министерот беше денеска на седницата на Комисијата и образложи зошто Владата ја нема разгледано оваа информација и оваа информација не може да оди денеска на дневен ред. Инаку им забележувам на некои мои колеги кои обратно кажуваат, ако беше некој најмногу жесток дури се скаравме со министерот, тоа бев јас, но бидејќи има образложение зошто да не расправаме, бидејќи Владата ја нема разгледувано оваа информација, се договоривме да биде на наредната седница која ќе се закаже за 30 о.м. со образложение сега да не правиме маркетинг пред народот кој повеќе е за доброто на народот или помалку. Мислам дека треба да се уважи предлогот што се договоривме на Комисијата, а јас бев најжесток во таа работа.

СТОЈАН АНДОВ:

Ве молам имајте само едно предвид, немојте да одите во расправа, туку само дали има уште некој аргумент зошто да се стави или да не се стави сега оваа точка на дневен ред.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Јас не знам дали некои пратеници ги читаат материјалите и што рпедлагаат пратениците на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека тука еден господин кажа иницијатива. Ние не бараме иницијатива за разгледување, туку бараме конкретно да се постапи по мерките кои ги изготви Владата, а тоа е донесување на тие системски закони кои се за аграрот, за земјоделието, тоа бараме ние.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ: (продолжение)

Авторитет, тоа бараме ние , не бараме ни маркетинг ни ништо. Бараме по итна постапка да се оди. Не можеме земјоделецот да го лажеме со некој заклучоци, одлуки итн., а да нема сигурност. Законската регулатива за земјоделецот е сигурност. Се знае, ние тежиме кон правна држава, сме правна држава, така треба и да се однесуваме. Потребни ни се системски закони за земјоделството и тоа го бара Пратеничката група на ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство.

МИТКО АНАСТАСОВСКИ:

Господа пратеници, точно го мерам времето. Бројте ги точките колку има да ги разгледаме. Не Парламент, супермени да бидеме; не можеме да стасаме. Не се нафрлуваат работи кои не можеме да ги решиме. Ова прашање навистина е такво, тоа е болно прашанзе, можеби е капитален Законот за земјоделството на нашата држава. Меѓутоа, кога ќе се фатиме со тие закони, треба убаво да размислуваме какви закони и во кое време ги донесуваме. Оваа точка од земјоделството е важна точка. Бидејќи мојата група ја предложи, јас ја поддржав. Но треба да внимаваме на една друга работа. Ако се сплеткаме околу оваа точка, во расправата по оваа точка треба да ни помине многу време. Ако мислите да ги избришеме сите други точки, да почнеме уште веднаш со земјоделството.

Но ќе ја замолам Владата, министерот за земјоделство да ни објасни некои работи кои јас лично не ги знам, затоа што не сум бил земјоделец. Навистина моите беа земјоделци, ама јас не сум бил земјоделец. Ако е можно и ако сакате да почнеме да работиме, но есапетего времето затоа што ќе се судриме меѓу себе на некои

законски работк, Не е мала работа. Го прифаќам предлогот, но сум за тоа дека еден ден треба да се дискутира за земјоделството.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Со оглед на тоа дека предлогот на господинот Стоиле Стојков беше прецизиран овде од искажувањата на неколку пратеници на ВМРО-ДПМНЕ што бараат расправа за земјоделството како општа тема, тој прецизира дека ВМРО-ДПМНЕ бара системски закони да се донесат за земјоделството, во согласност со новите уставни определби и позицијата што ја има земјоделството како гранка во стопанството. Мислам дека премногу е јасен предлогот за да го поддржиме и очигледен. Но има една мала манливост која го прави толку фалшив што на оваа седница не може да оди. Ако ВМРО-ДПМНЕ предлага да се донесат системски закони да се забрза постапката, со оглед дека е партија во опозиција би требало барем два-три дена пред седница да ни ги доставеше тие согледувања, нацрт на текстови или предлози на закони, за кои Владата ќе се изјаснеше за тие закони и ќе немаше никаков проблем на оваа седница да расправавме за тие системски закони за земјоделството.

Инаку, ако одиме по другиот редослед, Владата, мислам дека ние на минатата седница целосно расправавме за целиот комплекс на земјоделството.

Сега веднаш да кажам, ние како Партија сме спремни да расправаме 24 часа овде на оваа седница и на некој друга седница, но мора да ставиме ред во работата. Ако на ваков начин се заменуваат тезите, се опструира работа спрема Собранието, тогаш не знам до каде би дошле со такви предлози. Мислам дека треба да се има еден постојан пристап во самите предлагања, притоа не опструирајќи ги

правата на пратенкчките групи и на пратениците да предлагаат теми. Но треба да се има барем минимум ред во предлозите.

ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:

Почитувани пратеници, јас сметам дека овој предлог е многу несериозен од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Прво, не можеме за земјоделството, за една многу битна гранка која значи живот за Македонија да дискутираме така неподготвени. Немаме ниту материјал ниту ништо. Минатата седница дискутиравме за земјоделството и имаме донесено одредени мерки и заклучоци на овој Парламент. Наше е овде во овој Парламент да ја потсетиме Владата, доколку не се реализираат овие заклучоци, а во прв план мислам на нафта за пролетна сеидба, семенски материјали и вештачки ѓубрива, тоа треба да го реализира сега Владата. Инаку, без материјал овде да дискутираме сега тоа е понижување за земјоделството. Не можеме закон денес да донесуваме, а немаме никаков материјал. Тука треба само да произлезе Владата да се ангажира, бидејќи нема нафта во општините за пролетната сеидба. На тоа треба да се стави акцентот и земјоделецот што побрзо да дојде до нафта, репроматеријали и ѓубрива. Инаку, така нафрлени точки, тоа е понижување за земјоделството, да се разбереме. Оставам предлог Владата на наредната седница да изготви комплетна информација. Многу жалам што одредени пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, иако не во сопствени изборни единици, во селото Куклиш некни е кажано дека Парламентарната група на Социјал-демократскиот сојуз е против расправа за земјоделството, тоа не е точно и немојте да ја труете јавноста со маркетинг и пропаганда. Ние сме да распра-ваме за земјоделството и пак ќе расправаме, но не на таков начин, тоа е понижување на земјоделството, денес да расправа без материјал.

без ништо на овој Парламент. Што ќе кажеме? Ништо. Туку останува да ја задолжиме Владата да ја испита техниката на доделување на нафта, бидејќи нафтата не доаѓа до земјоделецот, семето не доаѓа до земјоделецот. На тоа треба Владата да посвети поголемо внимание, а законите за земјоделството мислам дека треба да ги донесеме во најскоро време, но неможеме ние денес да донесеме закони кога нема материјали.

ИВАН АНГЕЛОВ:

Почитувани пратеници, прво сакам овој Парламент да го известам за следното: Системските закони за кои инсистиравте да бидат разгледувани се доставени и се наоѓаат во Парламентот. Тие ќе бидат разгледани заедно со Буџетот. Значи, тоа е подготвено и доставено заедно со Буџетот, кога ќе им биде редот тогаш ќе бидат разгледувани. А, сега да дадам едно објаснуваше.

Владата на Република Макдонија - треба да имате доверба во неа и оние лица кои што го водат земјоделството - сеидбениот план за 1991-92 година го донесе и го усвои. Тој значи си тече и се реализира, а сега се следат само работите кои што треба понатаму да ги вршиме во пролет. Инаку, имаме план , тоа е задача на Владата. Ако Парламентот смета дека овој документ треба да го разгледува, тоа е друго прашање. Инаку, ние ќе работиме така како што е предвидено по Програмата на Собранието, точно по она што вие имате зацртано, а денес верувам дека ќе ја усвоите таа Програма. По таа Програма ќе работиме. Уште еднаш Ве уверувам дека комплетна информација е изработена за реализацијата на заклучоците, дел од нив веќе се реализираат, можеби има некој тешкотии, меѓутоа, работите си течат онака како што ова Собрание ги усвои заклучоците. Детална

информација ќе добиете на наредната седница, а исто така јас самиот си зедов обврска, а за тоа се сведоци членовите на Комисијата за земјоделство, да се изготви една анализа за состојбите и проблемите на земјоделството во 1991 година со макроекономската политика која што ќе следи во 1992 година. Таа информација можеби ќе ја добиете на наредната седница.

ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:

Почитувани пратеници, на последната сендица кога расправавме за аграрот, јас бе многу дециден тогаш. Реков дај да ги оставиме тие проблеми, дали ќе му дадеме 50 посто на производителите или, треба да се зафатиме за пролетната сеидба што не чека. Меѓутоа, нажалост како онаа народната "не умри коњу до зелена трева" чекаме не на оваа седница него наредна седница. Тоа изгледа најпаметно ќе биде и за пролетната сеидба да расправаме, една анализа да извршиме во септември месец. Така некако доаѓа. Мегутоа, за мене некој работи се насфатливи да оставиме и за наредната седница кога се даваат 50 литри погонско гориво за да се изораат 30,декари земја. Па ве молам, како може да оставиме за наредната седница да разговараме за аграрот. И затоа апелирам од оваа говорница да ја прифатиме точката на дневен ред и да биде приоритетна, како прво да расправаме за аграрот. Ве молам, можеби на некому сум ироничен , меѓутоа, нажалост јас потекнувам од земјоделски крај, избран сум исто така од земјоделците, селско дете сум, ги знам проблемите и немој да се занесувате, како што некој викаат маркетинг не се работи за маркетинг. Ако во овие кризни моменти кога градиме нова држава, ако сега не обезбедиме храна за 1992 година и 1993 годи

што понатаму ќе биде. Тогаш ќе седнеме и ќе најдеме девизи и за пченица, ќе најдеме и за летни култури, кај ќе ги најдеме тие девизи, ако сега не му помогнеме на аграрот? Ве молам, имајте во обзир ова, благодарам.

ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:

Ние имаме многу убаво што да работиме, бидејќи иницијативата на ВМРО-ДПМНЕ беше од 25 февруари и беше за 29 февруари, тоа се повеќе од 20 дена, па можеше да се изготви нешто, а не сега да расправаме дали имаме или немаме материјал, дали ќе има или нема расправа. Повеќе од 20 дена е оваа иницијатива, а сега за другата седница Владата може уште три-четири месеци да ни доставува информација исто како што се играа заклучоците три месеци. Ако беше прифатена оваа иницијатива од другите партии мисламд ека ќе поч-неше нешто да се решава. Јас мислам точката да оди на дневен ред.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Ова е моја реплика на господинот Наќе Стојановски, затоа што по Деловникот имам право на реплика кога ќе ми биде спомнато лично моето име. Само да му кажам една работа, како добар правник г-динот Наќе Стојановски мора да знае дека правото се чита и се гледа , се учи. Меѓутоа, напамет да се кажуваат некои работи изгледа некој иницијативите што доаѓаат од нашите пратенички групи воопшто не ги чита, па само да го потсетам на образложениeто. "Негативните текови настанати со преодниот период на трансформација на капиталот од општествен во други подоходовни облици , а кои по наше длабоко убедување не е краткотраен процес, бараме Владата на Република Маекдонија да се зафати со изнаоѓање законски решенија. Впрочем, на тоа се обврза и со предложените мерки од нејзина страна

во сферата на аграрот од 12.11.1992 година" 12.11.1992 година - повторувам г-дине Наќе да ме слушнете - "и усвои некои заклучоци од страна на Собранието на последната седница, како во овој преоден период земјоделското население што побезболно би го совладало, обезбедувајќи потребна храна за целокупното население , за што постојат природни предуслови". Меѓутоа, треба да им помогнеме само.

И една работа да кажам, господинот претседател и понатаму продолжува да манипулира со овој Парламент. Ако се сетиме дека господинот Бранко Црвенковски кога бараше реплика дојде тука пред говорницата, господинот претседател мораше да даде пауза. Значи за некои господа може да се даде реплика, а за некои мора да чекаме.

СТОЈАН АНДОВ:

Господинот Стојков заправо докажа дека не правам манипулација туку еднакво се однесувам и спрема Црвенковски и спрема него.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Сега одговарам на реплика, а пред малку не барав реплика туку земав збор за дискусија и името на Стоиле Стојков го спомнав во позитивен контекст за да индентификувам дека еден пратеник го прецизира предлогот што претходно четири-пет пратеници имаа различна конотација.

Инаку, благодарам што еден незавршен правник од оваа говорница поучува друг дипломиран правник како да ги чита законите.

БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, да бидам искрен, од неколкуте излагања на претставниците на Парламентарната група која што излезе со иницијативата навистина не можев да разберам за што се работи, дали се работи за иницијатива или за желба што порано да се донесат системските закони, дали се работи за тоа да се проверат мерките што ги утврди Владата или се работи за тоа да видиме колку заклучоците што на минатата седница ги донесовме се остварени. Во некои залагања се одеше на системски закони, во некои на мерките, во некои на заклучоците, се одеше на расправа околу нови заклучоци иако расправавме на последната седница.

Но независно од тоа, јас нешто друго работам денеска, меѓутоа, морам да ви кажам дека и сум орал и сум сеел и не верувам дека со расправа може да се изора и да исее. Меѓутоа, претпоставуам дека предлагачите имаат некои нови решенија и дека може навистина ако влеземе и со расправи, иако не верувам дека со неа може и да се исее и посее, тогаш се залагам за тоа да ја ставиме точката на дневен ред и навистина да видиме со заеднички сили , а верувам со тие нови решенија со кои ќе излезат предлагачите дека ќе успееме дел од проблемите да разрешиме, затоа што никојпат не сум бил за тоа да се оди на јалова комплетно неподготвена расправа за која што ама баш немаме во моментот никаков потпорен елемент или материјал. Сепак, заради тоа што верувам дека не може да се излезе со празна иницијатива без да се има навистина верба во себе дека ќе се доразрешат проблемите, да не губиме време, да ја ставиме точката

на дневен ред со Предлог да не оди напред, нека биде трета точка, или прва во тие редовни точки, после оние точки за кои имаме расправа по одредени функции кои ги обавуваат одредени раководители во Републикава и да не должиме понатаму да го прифатиме предлогот, да влезе точката на дневен ред, па да видиме дали со таа расправа навистина ќе може да помогнеме да изораме нешто повеќе и да посееме.

АЦО СПИРОВСКИ:

Почитувани пратеници, навистина ова е прашање кое не трпи одлагање од причина што согледувајќи ги збиднувањата кои се случуваат во некои соседни земји можеме да се затечеме во иста ситуација. Секако дека треба да се даде решение на овој проблем, проблемот е многу едноставен и има решение. Треба да се дадат пари и проблемот ќе биде во ред. Меѓутоа, пари нема, пари не може да има. Пари не може да има со 20 министерства , со платен Парламент, со СИЗ-ови кои се трансформираат во јавни претпријатија, со секретаријати , установи, општествено-политички заедници итн. Кога ќе стигнат парите до земјоделството е прашање. Меѓутоа, ако се доведеме во ситуација да немаме производство на храна, тешко на нас.

НАУМ СИМЈАНОВСКИ:

Навистина по излагањето на повеќето пратеници се создаде една конфузија на мислења и предлози, а се произлезе од Предлогот на г-динот Котевски кој предложи точка на дневен ред за текот и активностите околу пролетната сеидба. После тоа произлегоа и други предлози меѓу кои на г-динот Стоиле Стојков кој не беше во контекст на предлогот од г-динот Горѓи Котевски. Што се однесува до Предлогот на г-динот Горѓи Котевски го поддржува мислењето на ресорниот министер Владата да има план за пролетната сеидба кој е во фаза на реализирање, ако евентуално се уочат некои проблеми околу самата програма на сеидба иако истата не се реализира најкомпетентни и најодговорни и целата одговорност ќе следи на ресорниот министер и нормално на Владата.

Така да предлагам оваа точка на дневен ред во овој момент не се најде како точка на седницата.

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:

Владата на 12 февруари даде пречистен текст на Предлог-мерките по анализа за вкупните состојби и проблеми во аграрот во периодот од 1986 до 1990 година. Според тоа, ние на 25.02.1992 година дадовме иницијатива и да Ви ја прочитам ако некој не ја прочитал оваа иницијатива.

Прво, донесување Закон по итна постапка за заштитни цени за пченицата, пченката, јачменот, оризовата арпа, шеќерната репка, сончогледот, маслодајната репка, тутун, млеко,јуниња, за гоење овци и јагниња.

Второ, донесување Закон по итна постапка за премин во земјоделското производство за стратешки производи.

Трето, донесување Закон по итна постапка за регресирање на вештачки ѓубрива средства за заштита на растенијата, квалитетно сортно семе и квалитетен приплоден материјал.

Јас мислам тука сме многу јасни, Иницијатива постои, а што не се многу луѓе овде подготвени за ова нека одговараат тие.

СТОЈАН АНДОВ:

Треба да прецизираме за што разговараме и што се предлага за дневен ред. Едно време мислев дека се предлага општо да расправаме за пролетната сеидба. И, тоа не ми беше јасно како можеме да расправаме за пролетната сеидба а некој ако сака за тоа да расправаме да предложи материјал или барем од Владата да имаме за тоа материјал. Самата пролетна сеидба и нејзиното организирање и решавањето на проблемите на пролетната сеидба е надлежност извршна, на Владата. Собранието нема надлежност за пролетните и есенските сеидби и незнам за што. Ние сме законодавно тело. Ако Владата наишла на некои несовладливи проблеми и сака да не информира со тоа да добие политичка поддршка или да добие нова законодавна рамка на некои нејзини настојувања како да ги решаваат проблемите во областа на пролетната сеидба во земјоделството тогаш ќе ни се обрати овде, или ако некој друг пратеник  или од пратеничката група мисли дека така треба, да биде ќе подготви материјал комплетен за да може да знаеме за што да работиме. Меѓутоа, овде се испостави дека ние не треба да расправаме за пролетната сеидба бар сега како што кажаа неколку пратеници, туку за иницијативата и тоа точка 1, 2 и 3 од иницијативата дадена на 25.02.1992 година.

Сега треба токму за тоа да се разјасниме. Првата точка се бара донесување Закон по итна постапка за заштитни цени за пченица, пченка, јачмен, оризова арпа, шекерна репка, сончоглед, маслодајна репка, тутун, млеко, јуниња за гоење, овци и јагниња.

Втората е иницијатива за донесување Закон по итна постапка за премии во земјоделското производство за стратешки производи.

Трето, донесување на Закон по итна постапка за регресирање на вештачки ѓубрива средства за заштита на растенијата, квалитетно сортно семе и квалитетен плоден материјал.

Ако овде ние ги уврстиме овие точки на дневен ред и кога би имале сега наши закони било од пратеничка група или од пратеници основно е што ќе моравме пак да бараме мислење на Владата и Владата сигурно ќе ни кажеше дека ни една запирка од овој закон било кој од овие три закони не е спремна да го предложи или усвои или прифати пред за тоа да бидат обезбедени средства во буџетот, заради тоа што било кој од овие закони, кога се вели заштитни цени на пченицата, мора да се обезбедат средства кои ќе се отстапат на дирекцијата за стоковни резерви која на пазарот после од тие цени ако нема кој да ги купи, пченицата да ја купи, мора пари за тоа да има во буџетот. Истото тоа, се однесува и за пченката, оризова арпа, за шеќерна репка итн. Тоа Владата сето мора да го измага и билансно да го одмери и да обезбеди средства но за тоа мора и даноци да распише и да најде извори на средства. Според тоа, не само во Буџетот да го внесе туку да внесе и во Законот за извршување на буџетот и да види дали треба да ги поправи законите за собирање и прибирање средства во буџетот.

Тоа исто се однесува и за стратешките производи. Кои стратешки производи. Дали предлагачот знае кои се стратешки производи. Владата мора да каже кои се стратешки производи, а ако ние не сме задоволни и ако сакаме нешто да и предложиме таа треба да ни каже биланс ако се уврсти уште еден стратешки производ колку тоа чини, кој тоа ќе го плати, од каде ќе се обезбедат пари, кој данок колку ќе се зголеми. Исто се однесува и на Законот за регресирање на вештачки ѓубрива, средства за заштита на растенијата квалитетно сортно семе и квалитетен приплоден материјал. За сето тоа мора да има извори. Ни со еден друг закон не се обезбедуваат извори. Извори се обезбедуваат само со буџетот и затоа ако буџетот ние мислиме да го донесеме, бидејќи Ви е доставен на идната седница тогаш најнормално е димензијата на сите овие закони и права кои ќе се засниваат со законите на земјоделците да им бидат обезбедени токму тогаш и со онаа билансна страна на парите, инаку сето тоа би било само чиста пропаганда дека некој многу сака земјоделие и така натаму. Да работиме како законодавно тело. Ние мораме да работиме како парламент во условите кои ни ги одредил Уставот. Не прилега на парламентот да создава обврски на државата, а да не гледа дали со Буџетот може да ги обезбеди тие материјални обврски. Тогаш ќе паднеме ние во крупна противречност, големи ветувања према земјоделците, а со буџетот не можеме да ги обезбедиме. Ние затоа мораме да го обезбедиме буџетот и ставките во буџетот мора да ни бидат основа за донесување на сите овие закони овде.

Јас сум изненаден зашто претставниците на Владата овие работи не ги објаснат иако нам ни ги објаснија на Претседателството. Затоа, треба да се сфати дека овие закони не можат на друг начин да бидат донесени освен со обезбеднеи материјални средства.

ДОСТА ДИМОВСКА:

Почитувани пратеници,

Мене ми е мило што претседателот на Собранието иако нашата иницијатива, од пратеничката група, беше уредно и деловнички доставена до претседателот до Парламентот на 25.02.1992 година наиде за сходно дури денес на седницата на парламентот да ни одговори што е причината, мислам да не одговори воопшто дали иницијативата треба да биде на дневен ред и што се е потребно таа иницијатива да се најде на дневен ред.

Ние како пратеници овде, јас мислам, сме ставени во Парламентот во една многу непријатна положба да комуницира со претседателот на Парламентот преку средствата за информирање или да се расправаме овде два часа за дневниот ред, па да ни биде одговорено дали законските акти се доставени од страна на Владата или не се и дали тие треба да одат заедно со буџетот или не. Тука слушнавме многу навреди, инсинуации од пратениците дека пратениците на ВМРО-ДПМНЕ не знаат што доставиле, и дека ако биде иницијативата на дневен ред ќе ораме или копаме. Јас се прашувам, мислам од пратениците некои копаат градина пред сопствената куќа а некои копаат темели за сопствената вила и ги ангажираат своите бирачи да им помагаат во копањето.

Таквите инсинуации, таквите навреди не се в ред. Особено ако од една парламентарна група, една парламентарна партија беше јавно кажано дека формирале Влада во сенка. Како може да формираат Влада во сенка, тоа значи дека имаат и ресорно министерство во таа Влада во сенка, а не се подготвени на оваа седница да дадат свој контрапредлог, за мерки за заштита на земјоделието.

Јас како пратеник сакам да го изразам својот личен протест што претседателот на Собранието недоволно ја подготвува седницата и не става овде зад дневниот ред ние да се расправаме со часови. Исто така, претставникот на Владата требаше пред да почне расправата да не извести, да ни даде свое мислење за точката за дневниот ред. Мислам дека не може со некакви подметнувања дека пратениците не се доволно способни да ја следат Владата и тн. да се оправда неподготвеноста на Владата и не работењето, не навременото доставување на системските закони. Ние не можеме да си играме со трпението на избирачите и со трпението на земјоделците. Пролетната сеидба е во тек и ние не можеме овде да зборуваме за политички маркетинг и да се навредуваме или незнам што, но егзистенцијата на сите тие луѓе и на граѓаните на Македонија ќе биде во прашање.

СТОЈАН АНДОВ:

Само една информација ве молам, некаде пред крајот на работното време на 25 февруари ние ја добивме иницијативата на ВМРО-ДПМНЕ, а прво, ја слушнавме во 14 часот преку радио.Ова го кажувам за да ја запознам со тоа и јавноста. На 26 февруари утрото Претседателството, а тоа е методот на работа и по Деловникот определен ја разгледа иницијативата и установи дека таа не е дадена во форма во која може да биде непосредно на дневен ред на наредната седница, но почитувајќи ја иницијативата ја упати до Владата да преземе мерки како да и се даде нејзе тек. Тоа не треба никому некој да го објаснува, тоа ви е вас основна должност да знаете како пратеници оти Претседателството така мора да постапи, и Владата досега не испрати материјал заради тоа што на седница на Комисија тоа е речено и соопштено. Ете тоа е состојбата за која

сега г-цата Доста Димовска спомна. Според тоа, се е направено токму навреме и така како што барала пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

СТОИЛЕ СТОЈКОВ:

Овде ни беше предочено дека ете да речеме тие средства што ги предвидува Владата не се предвидени во буџетот. Јас би се запрашал една држава која држи до својот углед кога треба да го носи буџетот. Дали во тек на тековната година или пред да почне тековната година. Јас колку што знам некои држави и тоа доста развиени кои држат до себе секогаш пред да почне тековната година го носат својот буџет а ние како што одат работивем можеби ќе заврши тековната година па ќе го донесеме буџетот.

СТОЈАН АНДОВ:

Видете, пак погрешна интерпретација. Јас не реков дали има или нема во буџетот средства, но она што ќе се донесе како законско право на земјоделецот тоа мора да биде основано и да има средства во буџетот. Тоа го реков и затоа од денес до донесување на закони, а после кој знае кога буџетот, тоа е работа која не прилега на сериозен парламент кој донесува закони.

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:

Дами и господо, сметам за нужно да укажам на една околност која чини живот. Социјалните проблеми не се создаваат дали некој орал во парламент или не. Дали имало трактори како средства за извоз или не, дали се возеле вакви или онакви возила од граѓаните, социјалните проблеми се создаваат со немање на леб, зејтин, шеќер и млеко што се основни елементи. Нашата пратеничка група

кога ставила иницијатива да расправа сака да му укаже на парламентот да расправаме за причината да не дојде до последица. Меѓутоа, ако чекаме да расправаме кога ќе настапи оваа последица г-да, предлагам на делот од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да би задоволила страсти на некои дека не создале време, немале време да расправаат дали треба леб и нешто друго на народот да ја повлече иницијативата, Тогаш ќе расправаме после 10 дена, за последица и некој ќе се најде пак да каже ние немавме на основа на кој материјал да расправаме. Меѓутоа, имаме последица. Јас сум правник, ќе го земам примерот на лекарите. Тие секогаш ја бараат причината а не последицата. Кога ќе настане смрт тие само стискаат рамена а не бараат лек за тоа.

Во овој случај носам сознанија директно од оние кои што се бават со земјоделие, дали само ветувањата имате нафта, имате семе, имате се што треба, работете. Тоа не е вистина. Ако беа средствата за информирање како што одат да снимаат возила кои чекаат бензин да отидат да видат што се чека и како се прави за возилата и земјоделците кои треба да земат гориво за тракторите и за другите приклучни земјоделски машини ќе видат дека или нема или правеле погрешни распореди, а давани парите на земјоделските комбинати или задруги тие да бидат снабдувачи на горивото, дотурувачи на директните потрошувачи, па таму се појавува поголема количина на влажност односно на вода. Ако ние тоа не го расправаме сега како иницијатива овде по овој проблем се прашувам кога и на кој начин ќе доставиме сознанија до Владата. Ве молам, од името на животот прифатете го предлогот на ВМРО.

ВАНЦО МЛАДЕНОВ:

Почитувани пратеници, мислам дека голем дел од пратеницит кои учествуваа досега во расправата со право рекоа дека земјоделието за Република Македонија е една од виталните гранки, или дејности за нашата Република. Мислам дека тоа не е спорно и навистина тоа е животно прашање за нашата Република и одсекогаш потребно е за него да најдеме време за расправа. Меѓутоа јас би сакал да ги потсетам пратениците кои до сега учествуваа во расправата дека токму тие беа за прв пат спремни да ја ограничат расправата само на пет минути кога беа на дневен ред предлозите по расправа на заклучоците на Собранието и мерките на Владата токму за аграрот за Република Македонија. Дали некогаш во оваа годинаипол дена на работење, односно година и месец од работата на Собранието се осудивме да ја ограничиме расправата по било кое прашање и по било која проблематика од работата на Собранието. Се осудивме тоа да го направиме токму по аграрот, односно по земјоделието, а сега пак повторуваме и зборуваме дека аграрот е она што е највитално и најосновно за нашата Република. Еден број на пратеници навистина оваа говорница ја употребуваат за некој други работи а не за она за што навистина и е местото и улогата на оваа говороница.. Затоа мислам дека, а верувам дека и секој од нас и навистина сме спремни за аграрното прашање да расправаме навистина секогаш, меѓутоа најдобро е да се расправа тогаш кога е времето за расправа по тоа прашање и кога имаме одредени да не речам или материјали или закони подготвени кои ќе дадат придонес односно кои ќе бкдат во функција на аграрот, а не во функција на некоја политика и на некој маркетинг итн. Од таа причина морам да подвлечам и да побараме од пратениците да бидеме навистина корисни рационални, времето да го користиме тогаш кога е потребно

бидејќи баш тогаш кога расправавме по ова прашање јас и најповеќе инсистирав  и тврдев дека имаме време за расправа, но вие тоа не ми дадовте да го кажам, а имав што да кажам, бидејќи еве и сега се погажа дека и заклучоците и мерките кои беа тогаш понудени имаат одредени фалинки кои досега се покажаа во практиката. Меѓутоа, тогаш немавме време, а дали сега имаме време после месец дена. Затоа би препорачал навистина да бидеме рационални во своето работење и да расправаме тогаш кога навистина е време за расправа по тие прашања.

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:

Почитувано претседателство, дами и господо, овде ако се сака, не треба многу време, само треба да има добра волја за решавање и проблемот може брзо да се реши. Јас кога предлагав за оваа работа го предлагам од следните причини: дали ние на 30 март да носиме, додека тоа после се озакони, додека да се спроведат тие не ќе помине и април и кое е тоа земјоделие напредно такво после да спроведува, да бара репроматеријали, семиња,  орање и други работи. Ако се испушти влажноста на овој март сега орањето и сеењето како што и природата се заканува, па тогаш ќе се прашаме. Нека биде така, но зошто не го поставуваме прашањето да сносат одговорност и зошто тоа досега не е поставено. Имало досега време системските закони   три, четири  од аграрот да се донесат и те како досега. Еве од кои причини јас го велам тоа сега да се дискутира затоа што после пак ќе му ја извадиме маста на земјоделецот и ќе го натераме да дојде на просјачки стап.  Еве зошто го предлагам. Заради тоа што велиме донесовме заклучоци. Донесовме четири заклучоци за исплаќање на премиите од 1991 година, и за снабдување околу нафтата и некои регреси на семињата, а зборуваме често дека беа изедначени индивидуалните земјоделци со општествениот сектор,. Јас само за анализа зошто го барам тоа ќе ви прочитам три, четири работи кои ги извадив

од нашата трговија, од продавниците и сакам да ги слушнете, па да видите дали тоа треба, или нетреба. Дека не е ништо сторено со изедначувањето на општествениот и индивидуалниот сектор. Еве што се вели овде. Ке ви прочитам две три работи. Општествен сектор да купи земјоделска задруга, или општествена заедница лагер кој сега чини 1.415 динари, данок нема , индивидуалниот земјоделец го плаќа 1.415 динари, плус 42/% данок, а тоа изнесува за тој да го плати 2.009 динари. Масло за дизел гориво 420, данок за општествениот сектор нема, 420 за  индивидуалниот плус 32%, 554 динари , филтер за горивата за трактори и за други 384, данок за општествениот сектор нема, за индивидуалниот 384 плус 42% данок , 545 динари, цревоводни црева 120 за општествениот сектор, за индивидуалниот 120 плус 42% . Затоа бараме за ова сега да се расправа. На земјоделецот сега му требаат овие работи, да го обнови тракторот и другите работи. Од овие причини јас барам сега да се стави тоа на дневен ред и да се дискутира. Велиме за сончогледот дека е обезбедено семе, но еден е спрема 25. Значи индивидуалниот земјоделец треба да однесе една вреќа сончоглед за да земе едно кило семенски материјал сончоглед. Ова го велам од овие причини, не говорам јас ниту за политиката, ниту за партиите, ниту за други. Неправам ни реплики на никого. Ова треба да го сватиме ние. Ако вака ги решиме овие работи ќе биде во ред. И затоа требаше да предлагаме  сега да се дискутира.

ШАБАН ПРЕВАЛА:

Почитувано претседателство, почитувани рпатеници, јас немав намера да се вклучам во расправа по оваа проблематика, меѓутоа овие дискусии што досега се обавија ми оставија впечаток дека сепак треба да се договориме дефинитивно што да правиме со проблемот. Лично мислам дека, можеме да констатираме дека пролетната

сеидба тече, таа е во тек . Мислам дека тука беше речено дека таа пролетна сеидба тече според некоја програма што веќе е усвоена, озваничена итн. Владата очигледно не се соочува со некои посериозни проблеми во остварувањето на таа програма, па затоа досега не се јавила кај нас со дополнителни мерки кои ние би ги усвоиле со цел да кажеме да се оствари таа програма за пролетната сеидба. Иницијативата на Парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ мислам дека заслужува внимание и таа е дел од нашата сеопшта грижа да кажеме за работите да ни одат подобро од колку што одат. Меѓутоа, мора да се уважи она што тука беше убаво речено дека ние неможеме да расправаме така да се каже на база на лични инпресии, на лични согледувања и лични грижи околу тоа таа програма како да се оствари подобро. Јас мислам дека Владата пред нас има одговорност како извршен орган пред ова Собрание и до колку таа програма што е во тек на реализирање не се оствари така како што е предвидена и според нашите очекувања ние сме тука, таа Влада ќе ја ставиме на тапет и ќе расправаме зошто работите не одат како што би требало да одат. Немаме трпение и покрај тоа што тука беше убаво речено дека една таква информација, веќе била подготвена, меѓутоа таа мора да земе виза од Владата, бидејќи е подготвена од надлежното министерство за да потоа мериторно расправаме како за согледаните состојби, така и за евентуално дополнителните мерки што треба да се преземаат за да работите одат подобро одколку што одат, во моментов можеби проследени со одредени тешкотии и јас во тоа не се сомневам, тешкотии има. Меѓутоа, да бидеме стрпливи. За 10 дена ние ќе имаме прилика да обавиме квалитетна дискусија, компетентна дискусија по материјалот што е подготвен и кој што треба да земе виза од Владата. Да не губиме време на вакви работи кога еве тука година

дена сме и на некој начин ја научивме и процедурата како се расправа по прашања што доаѓаат на дневен ред на Собранието. Со тоа не сакам да кажам дека нас грижата за земјоделците, за земјоделското производство треба да ни биде на страна, напротив ние сме и те како заинтересирани сите парламентарни групи, вклучувајќи ја и нашата група, парламентарната група на ПДП и НДП, меѓутоа да почитуваме некој ред онака како што убаво го кажа нашиот претседател на Собранието, па така и да работиме.

ЈОВАН АНДОНОВ:

Почитувано рпетседателство, почитувани пратеници, мислам дека непотребно се изгуби огромно и драгоцено време околу таа точка. Јас можам да ве обавестам најодговорно дека оваа Влада ако посветувала внимание на нешто, тоа било на земјоделието. Оттука значи да не должиме до колку е предлагачот подготвен да достави денеска материјал за кој треба да дискутираме Владата прифаќа да се дискутира. Ако не, дозволете министерот нека подготви материјал за утре да дискутираме по оваа точка. Меѓутоа, материјал мора да има заради плодотворноста од дискусиите што ќе следат. Вака без материјал мислам дека не е добро да дискутираме. Ако имате материјал повелете Владата е спремна да дискутира, ако не, дозволете за утре Министерството  за земјоделство да подготви материјал и тоа само за пролетната сеидба бидејќи сите закони заедно со буџетот се доставени до Собранието, мислам од сверата на земјоделието.

КИРО ПОПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, по редот на обврските што ги имам во Парламентот во последно време имав и непосредни контакти со земјоделците кои што непосредно беа ангажирани во пролетната сеидба, а имав и повеќе контакти непосредно

и со министерот во одделни општини, како и пред Собранието од синдикатот на индивидуалните земјоделци. Имам впечаток дека во конкретнава ситуација и расправа многу работи се мешаат и не до крај се прецизираат. Системски закон за снабдување на земјоделците со нафта нема потреба да се носи. Системски закон за обезбедуваше на семе нема потреба да се носи. Сите тие мерки за пролетната сеидба дојдоа индивидуалните земјоделци и немаа што да додадат на нашите заклучоци што како Парламент ги усвоивме. Единствена забелешка и сугестија беше дека во одделни средини неажурно се применуваат мерките што Владата ги донела, дека во одделни бензински пумпи има нафта, а не се точи нафта за земјоделците, дека сеуште до крај не е обезбеден семенски материјал што во последно време за сите сорти се обезбеди со дополнително ангажирање на Владата и министерот. Исто така, и во однос на субвенционирањето на откупната цена, дополнителните средства кој што требаше да се дадат за откупот од минатата година-- Проблемот и натаму останува бидејќи преработувачките капацитети не прифаќаат во делот на откупот на овие земјоделски производи да извршат компензација согласно одлуката што ја донесе Парламентот. Се она друго што е како системски закони, мислам дека во тек се подготовките и Владата во најскоро време претпоставувам дека дел од тие обврски ќе ги изврши, а дел ќе останат, бидејќи се работи за системски закони понудени на наредните седници на Собранието Според тоа, ние можеме да се убедуваме и до утре. Никој овде во оваа сала не верувам дека има било каква резерва за" значењето на земјоделието, или пролетната сеидба. Меѓутоа, расправата и денес и утре да ја обавиме ќе заврши со истите заклучоци кои што веќе сме ги донеле и сме ја задолжиле Владата за обезбедување основни претпоставки пролетната сеидба несметано да се оствари. Исто така,

со заклучоци , отсуството на оние системски закоки кои што се потребни да се подготват. Според тоа, Владата, конкретно тоа министерство непосредно, оперативно се ангажирани во надминувањето на одредени пропусти, по одредени општини, региони било по кој основ што се јавуваат во конкретното оперативно спроведување на самите заклучоци. Затоа мислам дека и кога би расправале пак повторн би донеле такви заклучоци.  Како што не убедувате дека земјоделието е најзначајно, веројатно можеме да се согласиме дека неможеме вака колективно да пишуваме некој системски закон денес на седница, или пак од денес за утре да кажеме министерот да подготви некој документ Според тоа дајте во една смирена атмосфера, работите се под контрола од Владата и за идната седница, за 10 дена да ни подготви целосен извештај, пресек на остварувањето на пролетната сеидба во Републиката. И доколку тие оценат дека имаат потреба од некоја мерка, веднаш да ја донесеме.

ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:

Почитувани пратеници и денешнава расправа покажува дека предлозите што доаѓаат од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ немаат доволно уважување од страна на другите пратенички групи. Кога ние ја инициравме оваа точка на дневниов ред наша основна цел беше дека минаа 20 дека донесовме одредени заклучоци, зеде Владата одредени обврски и расправата и кога би била ставена точката на дневен ред расправата би завршила за 10, 15 минути. Едноставно министерот би станал и би рекол: ги подготвуваме тие закони, во однос на мерките преземавме тоа и тоа, има одредени слабости кои се јавуваат во одредени општини и со тоа би завршила расправата по оваа точка. Јас не знам зошто сега ќе се води генерална расправа и би се поселе нови заклучоци. Едноставно ние  баравме информација за реализација на она што сме го договориле порано. Мислам дека треба во иднина

да се однесуваме одговорно кон барањата и предлозите иа ВМРО. Тие секогаш заслужуваат внимание. Од теренот јасно произлегуваат барања токму во смисол како што ние се однесуваме како партија . Јас мислам дека мора и крајно време е да се уважува ВМРО-ДПМНЕ и пратеничката група.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Почитувани пратеници мислам дека ако вака беше од почеток презентиран предлогот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ навистина ќе немаше проблеми, ако вака како што сега беше кажано. Меѓутоа, овде беше една конфузија од пратениците од оваа парламентарн група бидејќи некои од нив бараа денеска да расправаме за системскитс закони во областа на аграрот, не е битно и не морам да ги назначувам кои беа. Други говореа дека треба да говориме за проблемите околу пролетната сеидба, а трети говореа за тоа да видиме до каде се спроведени заклучоците и предлог мерките што ги усвоивме минатата седница кога разговаравме за аграрот. Ако овде била желбата и иницијативата за тоа да се чуе до каде е спроведувањето на мерките што веќе ги усвоивме и притоа онака како што господинот Стефковски сега објасни дека очекуваме од министерот тоа да го објасни во период од 10 минути, нема никакви проблеми, ние се согласуваме тоа да биде прва точка после овие две кадровски точки што на почетокот ги договоривме.

СТОЈАН АНДОВ:

Да, но мораме да знаеме што точка сега уврстуваме. Формулирајте ја што треба да биде. Во иницијативата нивна пишува, донесување на три закони, а тоа денес не можеме да го работиме, нема ни закон, нема ни став на Владата по тоа, тие се заедно буџетот и веќе ни се доставени за идната седница. Затоа, ако не е тоа, која е точно формулацијата на тоа што предлагаме. Нека стане еден и нека каже како да ја формулираме, не е пролетната сеидба, заради тоа што таа не е наша надлежност, Владата си има своја програма за тоа.

ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:

Овде изгледа дека многу пратеници не се во тек ни со материјалите, ни парламентот, ни барањето ни Комисијата, ни фактичката состојба на теренот. Јас ке се надоврзам на излагањетро на претседателот Стојан Андов. Велам дека овие три закони и нивното доцнење подолго време е причината за настанатата моментална состојба во Аграрот. За планирањето и за почетокот на земјоделските работи. Точно овие закони ги кочат овие почетните работи сврзани со набавка на нафта, ѓубре, семенски материјал и други репроматеријали. Точно се овие три закони и затоа е таа состојба на теренот таква. Се кажа дека треба да се најдат извори на средства. Цело време со заклучоците се манипулира, нема средства, па никој досега ни нема одговорено од каде беа средствата од 2 ипол милијарди лични доходи на државниот апарат од 52 илјади души и кога се даваат 220 милиони за регресирање на цела Република за вештачко ѓубре. Тоа господине Андов требаше да го појсните. Како што слушнавме од министерот законите се испратени до Собранието, а зошто не се донесени, најдобро знае тој што го води Парламентот.

СТОЈАН АНДОВ:

Еве, дополнителни информации. Прво, господинот Андов и пртседателто на Парламентот ништо нема со ставките во буџетот. Нив ги утврдува Собранието и ги спроведува министерто за финансии. Според тоа, колку господинот Трајковски има со таа работа, толку и јас. Јас и нема што да појаснувам за тоа.

Второ, законите се доставени до Собранието заедно со буџетот, а овде кај нас сеуште не се умножени, но Владата ги подготвува сега да ги достави. Штом ке ги достави, ние ке ги умножиме и ке ви ги доставиме овде вам. А ако пак се доставени, службиоте ке ви ги поделат веднаш. Сето тоа оди автоматски и ниеден момент овде не запира. Според тоа, ние сега закони немаме на дневен ред денес. ИВАН АНГЕЛОВ:

Почитувани пратеници, мислам дека треба да се дообјасниме и ако сакате да ме сослушате. Молам, проболем по проблем, ако сакате бидејќи изгледа пролетната сеидба сите нас не тишти и само да ве извстам дека работите си течат и пак уште еднаш ке повторам и тие раобти течат така како што е усвоен планот на Република Македонија. Тој е сеидбениот план за 1991 година и 1992 година. Повторувам Владата има донесено таков план и по тој план се работи. Значи, сега одиме на работа на пролет, течат работите со одредени тешкотии кои јас сега ке ви ги кажам и ние што сме презеле како Владата.

Прво, регресите кои што беа предвидени заклучно за 1991 година се исплатени во земјоделството.

Понатаму, регрсите кои што беа повзани со одредени системски закони, повторувам, Законот заедно законите со буџетот доаѓаат, меѓутоа, со оглед на тоа дека Владата ценеше дека овие закони ке

доцнат додека да се донесе буџетот пред тоа ние донесовме одлуки за регресирање и тоа на семето за пролетна сеидба, 30%, ѓубрето и заштитните средства 20% и плус имаме за нафата. Понатаму, состојбата околу нафтата вие ја знаете каква беше, меѓутоа, јас сум спремен во овој омент да ви го презентирам оперативниот план што ние сме го изработиле и Министерството за земјоделство заедно со Министерстовто за стопанство. Точно по општини е направен оперативен план како треба нафтата и во колкави количини да се распореди. Со оглед на одреднеи проблеми околу набавката и според досегашните информации со одредени тешкотии во некои општини што се среќава има одреднеи исклучоци, нашите инспектори, целото она министерство што го имаме истурено и од Министерството за стопаство и од Министерството за земјоделство се активно вклучени и водат сметка околу обезбедувањето на нафтата.

Понатаму, семе, за пченка имаме обезбедено и тоа веќе се продава по цена од 250 динари, а ако само можете да споредите истото тоа семе, иустиот хибрит во соседна Република Србија, се продава преку 1200 динари.

Понатаму, семе за останатите земјоделски култури кои што треба да бидат посеани исто така е обезбедено. Потоа е обезбедено и регрес на тоа семе. Понатаму, за ѓубривото, кое што го произлегува сега нашата фабрика исто така имаме регреси , обезбедување на регрес околу 20%. Тоа исто така, се одбива.

Понатаму, конкретно околу овие регреси и компензации, премии кои што ние како систем ги предвидуваме комплетно тие се предвидени во оној закон за поттикнување на земјоделството и производстовот кое што ке дојде заедно со буџетот.

Во врска со буџетот со усвојувањето истовремено имаме подготвено програма за поттикнување на земјоделското производство во кое што точно ке биде прецизирано кои мерки и кои области од земјоделството ке бидат субвенционирани премирани итн.

Понатаму, програмата на пролетната седиба ви реков тече и в овој момент имаме одреднеи информации по општини, веќе скоро пролетниот јачмен со сеидбата тоа е веќе завршено, а подготвителните работи за сончогледот, шекерната репка, паралелно со тоа тече.

Доколку цени овој парламент да расправа за земјоделството јас сум спремен во овој момент да ви презентирам комплетна анализа за состојбите и проблемите во земјоделсткото производство во Република Македонија за 1991 година, со Предлог на мерки на аграрната политика. Тој материјал е спремен и чека Владата да го раз гледа. Ако вие цените дека треба да го рагзгледувате во овој моемнт јас можам да го доенсам материјалот да се размножи и материјалот да се разгледа, меѓутоа, со оглед на актуелноста на проблемот моја желба би била ова нешто да го разгледаме на една седница на која што навистина ке му обрнеме поголемо внимание. Во овој момент за одредени проблеми кои што вас ве интересираат како течат воземјоделството јас и во земјоделствоот сум спремен на одредени прашања на одговорам. А подетални информации што имаме ние направено во 1991 година за земјоделството само кратко сакам да ве информирам, очигледно е дека треба да се информираме, ние како Влада на Република Македонија донесовме и издвоивме средства за комплетен откуп на пченицата што беше од родот од 1991 година. Таа се откупи и веднаш се изврши исплатување, што досега таков случај не било. Исплатувањето се врши секогаш многу подолго време.

Понатаму, се обезбедија средства за откуп на сончогледот, се обезбедија средства за откуп на оризот, се обезбедија средства за откуп на грозјето итн. Сетоа тоа вкупно средства беше во аграрот минатата година потрошено цирка околу 4 милијарди и 700 милиони динари. Подетални инфроамции со овие цифри ако сакате јас сум спремен тоа да го направам.

СТОЈАН АНДОВ:

За сите овие работи ние имавме и добивме информација уште од порано, обемна, опширна, сите ја имавме во рака и затоа нема проблеми.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Мислам дека кога зборуваше потпретседателот Андонов кажа дека Влаата работи и дека во секое врме се спремни да дадат одговор. Непотребно се отвори расправа, а одговорот беше тука. Ние баравме да се даде една информација, бидејќи да повторам, наташа интерпелација не е за еднократна употреба. Тоа значи дека ние со нашата ини.-цијатива баравме да се подготват и да се дадат токму законите во еден рок кои што ние се залагавме и како мерки, з аклучоци ги усвоивме. А посебно се залагавме да се даде во тој контекст и една информација за состојбите со пролетната сеидба. Ништо повеќе ништо помалку, просторот, на земјоделството и на аграрот е долгорочен. И тој ке се развива и ке се расправа во овој парламент, ке се носат мерки ке се дополнува  и тоа е целата суштина на нашето залагање. Состојбите од теренот бараат да се пристали системски и одговорно кон разрешувањето на проблемот на аграрот и на пролетната сеидба. Мислам дека и во таа смисла беше настапувањето на пратениците и за-лагањето на оваа седница така да се постапи.

СТОЈАН АНДОВ:

Што е предлогот?
ТОМИСЛАВ СТЕФОВСКИ:

Информација за состојбите со пролетната сеидба од аспект на се што е потребно за нејзиното успешно извршување... молам, дали ке биее утре или денес, бидејќи министерот изјави спремност дека се подготвени да дадат дури и усмена инфроамција со систе потребни детали.

СТОЈАН АНДОВ:

Спремни сме да закажеме посебна седница кога Владата ке ни ја достави таа инфорамција. сега информацијата би била под-. готвена во министерството, Владата треба да има право да заседава, да ја разгледа, да ја прифати или да ја одбие или одложи, што да направи. Затоа, ако е ова предлогот, ова е нов предлог, морам да кажам сосема нов предлог, и како нов предлог го уважувам, но да постапиме по Деловникот. Да не се уврстува денес на дневен ред, туку кога ќе биде готова инфорамцијата, а да ја задолжиме Владата што побргу да ја направи, да ни ја достави и ке закажеме посебна седница по таа информација. Што поитно треба да ја направите. Како што гледате тие ја бараат денес. А, ако не е денес готова, а не е готова, тогаш во ред, кога ке бидете готови Вие и тоа да биде што поитно. Немојте така, ке се заплеткате во дискусии и ке видите дека тоа не е едноставно. Вие кога ке ни ја испратите, ние тогаш ке ја пуштиме. Тоа е Влада, не може еден да каже овде.

Дали можеме така да се договориме?

Господине Стефковски, дали може така?

Молам, на дневен ред не може да биде по Деловникот, заради тоа што немаме материјал. Веројатно, вие не сакате против Деловникот

да работиме, туку да заклучиме оној момент кога ке ја достави Владата веднаш да закажеме седница, итна седница, сега да се договориме дека тоа е седница од итен карактер и да можеме да работиме.

Дали се согласувате? (Се согласуваат)

ЉУБИСАВ ИВАНОВСКИ:

Да гласаме.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали сакате да гласамме?

Господинот Ивановски бара да гласаме.

Кој е за овој предлог, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака)

(59 гласови се за овој предлог).

Дали има некој против?

(22 се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека овој предлог е усвоен.

Дали има некој друг предлог.

ТОМИСЛАВ СТЕФК0ВС1СИ:

Со оглед дека нашиот предлог не е уважен, барам пауза за дополнително договарање на парламентарната група.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, пауза од половина час, по барање од Парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ.

СТОЈАН АНДОВ:

(По паузата)

Собранието седницата ја прекина поради барање од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ пауза. Ние дадовме пауза од пола час, меѓутоа малку подолго конферираа, па сега еве сега да про-должиме со работа. Тука е господин Стефковски координатор на групата, па го молам ако има нешто да каже.

ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ изјавува пред ова Собрание дека нема да присуствува на продолжението на оваа седница од следниве причини:

Иако барањето на нашата пратеничка група за итно усвојување на законите од сверата на аграрот беше доставена на 25-ти февруари 1992 година со барање за итна седница на 29-ти февруари 1992 година, поради инертноста на таканареченото претседателство и претседателот на Собранието, инертноста на Владата, на денешната седница ова прашање не беше поставено на дневен ред со надгласување, иако министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство предочи какви закони се доставени до Собранието.

Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе присуствува на седница на Собранието кога овие закони ќе бидат ставени на дневен ред со информацијата за досегашниот тек и мерки за пролетната сеидба.

До колку Бо утрешниот ден ќе бидат доставени бараните закони со предлог за нивно донесување по скратена постапка и

информацијата пратеничката група ќе учествува во работата на седниците на Собранието.

Во оваа прилика сакам да потенцирам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во иднина ќе постапува соодветно по сите системски закони за кои досега се залагаше за нивно донесување, почнувајќи од законите согласно уставниот закон, посебно со законите за грбот, знамето и химната, а беше надгласувана и нејзините оправдани барања беа непочитувани.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас ве потсетувам дека пратеничката група врз основа на Деловникот достави самоиницијатива, а не достави нити нацрт на закони нити предлог за донесување на закони со предлог на закони, не достави никакво друг акт. Според тоа, нивните предлози не постојат, освен како иницијатива и не можеа да бидат ставени на дневен ред, а никаква инертност на претседателството и на претседателот на постои, туку јас ви прочитав дека веднаш целиот нивни пакет, фактички од еден лист хартија каде се напишани иницијативите е доставен до Владата и Владата ни доставува денес таков закон и сите овие нивни предлози се содржани во еден закон за поттикнување на земјоделството, а не три закани како што тие замислиле и тој закон денес е поделен на пратениците заедно со Буџетот. За такви закони и за Буџетот потребно е да се расправа во редовна постапка, најмалку 2 недели, а така е закажана и седницата за 30 и 31 март, за да може да се обезбеди едно решение кое е во согласност со Уставот, нашите закони и Деловникот и кое треба да биде издржано. Од таму јас сум многу

изненаден заради постапката на пратеничката група. Тоа е недостаток на расположение за работа и еден вие блокада на работата на Парламентот. Едноставно ние утре не можеме тој закон да го гледаме заради тоа што законот мора да мине низ комисии, комисиите мора да проверат кај својата база, оние кои им дале мандат овде да видат дали и даноците даваат таков резултат за да може да се покријат тие издатоци. Така да наметнувањето на еден ваков начин на работа која е надвор од Деловникот а ултимативно се поставува, фактички води кон онеспособување на Собранието да донесува закони кои утре во животот пред краѓаните на нас ќе ни го чуваат лицето. Инаку, ако вака работиме набрзина да донесуваме непромислени закони ќе бидеме доведени во ситуација да не брукаат и нас пратениците и Парламентот и државата. Нашата држава која ги прави сега овие чекори на сопствено зацврстување не треба да биде изложена на вакви удари ни од која пратеничка група.

Јас не знам што сега предлагате.

(Да продолжиме со работа)

Јас ве потсетувам дека ние не го усвоивме дневниот ред, а во предложениот дневен ред, ние дневниот ред можеме да го утврдиме, бидејќи имаме кворум.

Дали има други предлози за измена на дневниот ред? (Нема)

Бидејќи нема други предлози го ставам на гласање предложениот дневен ред.

Молам, кој е за нека крене рака. (72)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Меѓутоа, сега кај првата точка - Предлог на група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ за утврдување на одговорноста и разрешуваше на претседателот на Собранието на РМ како и втората точка - Интерпелација за работата на членот на Владата на РМ и министер за односи со странство д-р Денко Малески, ние ги немаме предлагачите.

(Може да продолжиме со работа и по овие точки)

Не, така не се работи. Ние мораме да имаме почит спремас секој предлагач, да дојде овде и да изложи од што е мотивиран и овде на основа на тоа Собранието да донесе мериторна одлука.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Не навлегувајќи во мотивите за оваа парламентарна опструкција која е очигледна и ја покажа целокупната конфузија околу утврдувањето на дневниот ред и точката која требаше да биде уфрлена во дневниот ред, ова што и на крајот претседателот го кажа дека по овие точки не треба да расправаме, мој предлог би бил тие да се одложат. Мислам дека треба да ја оцениме и способноста овој Парламент вечерва да продолжи со работа. Мислам дека е подобро да јас презакажеме оваа седница.

МУХАМЕД ХАЛИЛИ:

Јас мислам дека сигурно тие луѓе би имале што да кажат пред аудиториумот бидејќи веќе две недели бараат оставка па предлагам еден од службата да ги повика да дојдат и да присуствуваат на расправата само по првата и втората точка.

и потоа ако е можно да им дадеме шанса и закони да подготват, мислам на законот за земјоделие, па да продолжиме со нив. Инаку, ќе ни пропадне добрата шанса да ги слушнеме, сигурно и некоја тајна.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам дали Владата е спремна за еден или два дена да ја одвои расправата за поттикнување на земјоделството од расправата за Буџет. Дали е спремна за тоа? Ако не е спремна тогаш значи до 30-ти ние не можеме да работиме.

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Јас би сакал само да потсетам, уште во почетокот при утврдувањето на дневниот ред од страна на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ се бараше точката околу предлогот за оставката нас претседателот да се помести како последна  точка па бидејќи тоа не беше усвоено, ние ја утврдивме како прва точка, па потоаљ излезе една  друга нова тема, темата за земјоделието, за која што расправавме скоро 2 часа, не помина и мислам дека станува збор за една сосема јасна опструкција на работата на Парламентот и да се избегне, што мислам во основа и тоа е во позаедината, да се избегне расправата околу разрешувањето и утврдувањето на одговорнсота на претседателот на Собранието. Тоа е едно.

Второ, бидејќи ние имаме голема одговорност како пратеници пред нашите избирачи, јас предлагам овие две точки, првата и втората да бидат  одложени на наредна седница  кога

ќе бидат присутни и предлагачите, а ние да продолжиме со работа по третата точка и натаму по дневниот ред, бидејќи станува збор за многу системски закони и нема време тие да се одлагаат. Според тоа предлогот е ние да продолжиме со работа по предложениот дневен ред, од точката 3 па натаму.

СТОЈАН АНДОВ:

Добро, што тоа значи. Ние ги утврдивме на  дневен ред овие точки и сега да одложиме расправа по нив.

Молам дали овој предлог се прифаќа, да одиме на точка 3, ас да ги прескокнеме првите две точки.

Кој е за предлогот молам да крене рака. (59)

Дали е некој против?

Јас сум против. Јас претпоставував дека ние денес тоа треба да го разгледаме заедно со сите пратеници.

Инаку, морам да ви кажам од кои причини сум против.

Ние носиме државотворни закони и денес на седницата се во прва фаза, а некои од нив веќе и ќе ги донесеме. Не е добро за мекедонската држава ние тие закони да ги донесеме а двајца функционери, претседателот на Собранеито и министерот за односи со странство фактички бидат од една пратеничка група оспорувани, а Собранието по тоа не се произнело. Од друга страна министерот за меѓународни односи во меѓувреме има и осетливи средби и во ваква фаза држењето на ова прашање не е добро. Во тие средби тој работи исклучиво осетливи работи зас меѓународното признавање на Македонија. Затоа и мислев дека е најважно тие две прашања да се расчистат, фактичкиот живот во Републиката и

процесот на меѓународното признавање оди без овие хипотеки, а

потоа расправаме по сите закони натаму со една нова квалификација. Јас не знам дали сум во право кога така мислам.

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:

Мислам дека претседателот на Собранието не е во право со оваа теза што сега ја заговара дека останува со хипотека. За мене е легитимен се дотогаш додека овој Парламент не се произнесе поинаку по тоа прашање, а исто така и Парламентот уставно има доволен број на пратеници за да може да донесува и уставно релевантни одлуки и зошто сега. Ние ако овој простор што вака моментално ни се случи на блокада го продолжиме јас мислам уште повеќе ќе ја разочараме јавноста и ќе останеме на бројни нерешени прашања. Мислам дека Парламентот треба да продолжи мирно да работи.

СТОЈАН АНДОВ:

Парламентот и одлучи да работи, се изласа тоа, јас само сакав да ги дадав овие напомени како политички активности во Парламентот кои не се во правец на јакнење на стабилноста и градење на процесот на државноста на Републиката. Јас само сакав да ги напомнам овие работи.

Минуваме на точка 3 - Предлог за донесување на закон за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисиајта за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за контрола над работата на службата за државна безбедност, ЗПК, и забелешките на пратеникот Тодор Петров ви се доставени односно поделени.

Дали ние имаме некои членови овластени од ЗПК, а сега не се тука и некои претседатели на комисии.Ако имаме дали тие може да ни објаснат.

Отворам претрес.

МОлам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувасм претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува предлогот за донесување на законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните.

СТОЈАН АНДОВ: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

2. Собранието ја задолжува Владата да подготви и на Собранието да му достави Предлог на закон за пријавување на живеалиштетот и престојувалиштето на граѓаните, при што да ги има предвид предлозите, мислењата и забелешките содржани во извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за контрола над работата на Службата за државна безбедност, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и забелешките на пратеникот Тодор Петров да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за внатрешни работи.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? )69).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 4-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за единствениот матичен број на граѓаните.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Законодавно-правната комисија и забелешките на пратеникот Тодор Петров ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за единствениот матичен број на граѓаните.

2. Собранието ја задолжува Владата да подготви и на Собранието да му достави Предлог на закон за единствениот матичен број на граѓаните, при што да ги има предвид предлозите, мислењата и сугестиите содржани во извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбра-на, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (70)

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 5-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за Републичкиот судски совет.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за прашања на изборите и именувањата, Комисијата за општествено-политички систем и Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Насер Зибери.

НАСЕР ЗИБЕРИ:

Почитувани дами и господа,

Немам некои забелешки околу овој закон, сметам дека предлагачот доколку оцени дека можат да најдат место во натамошната постапка за донесување на овој закон, па како сугестии да може да ги има во предвид.

Сметам дека членот 5 би можел да отпадне затоа што согласно определбите за напуштање на функционалниот принцип за организирање на политичките партии и здруженија и со самиот тој факт се подразбира дека политичките партии не би требало да се организираат односно функционираат во рамките на Судскиот совет. Впрочем и во другите закони, како на пример Законот за здравство, Законт за внатрешни работи и низа други закони ние не пишуваме дословно дека таму не треба да се организираат политички партии, па согласно тој став односно принципот за територијално организирање на политичките партии се подразбира дека и во овој орган нема да има такви организации, така што членот 5 би можел комплетно да отпадне.

Во членот 7 би можело да се додаде уште еден став со кој ќе се предвиди соодветна застапеност на судии од редот на националностите, а истиот критериум да важи и за членот 36 каде говори за внатрешната организираност на овој орган.

Членот 9 сметам дека е во спротивност со членот 2. Да ве потсетам деха членот 2 вели дека "Републичкиот судски совет придонесува да се остварува судската функција и да се обезбеди самостојноста и независноста на судовите без да навлегува во нивната работа", додека ставот 2 на членот 9 вели "Советот може да овласти одредени свои членови сами или со учество на работно тело

да остваруваат увид во работата на судиите или да преземат други дејствија во рамките на надлежноста на Советот и за тоа да му поднесува писмен извештај".

Сметам дека овие два члена не се конзистентни а едниот со другиот па би можело членот 9 да се преформулира.

САНДЕ ДАВЧЕВ:

Почитувано претседателство, почитувани колеги,

Читајќи го Законот за Републичкиот судски совет имам една забелешка, бидејќи имаме само еден член за избор на судија, а имаме 24 члена за разрешување, потегнување на дисциплинска одговорност. Сметам дека прво треба да имаме повеќе критериуми за да го избереме судијата да биде квалитетен судија, а да имаме помалку за казнување. Дали има некоја пракса дека судиите многу грешат, па се потребни толку критериуми, но мислам треба да биде обратно.

Освен овие објективни морални квалитети тие се толку паушални што не знам дали ќе најдат примена, но сметам дека треба, за да стане некој судија, мора да има односно да биде стручен соработник во Судот, мора да има некој друг критериум ка пример да има просек најмалку 8 ако сакаме да направиме едно елитно судство, добро судство мораме да ги бараме квалитетите да бидат во тоа судство.

Само овие два критериуми ги нафрлив што мислам дека можат да се изградат повеќе критериуми при избор на еден судија.

Исто така во членот за основање на политички партии мислам дека не само што не треба да се основаат политички партии, туку не треба член на Судскиот совет да биде член на некоја партија.

Исто така во членот 12 кога предложениот кандидат за избор на судија не го добие потребното мнозинство на гласови ка Собранието на Република Македонија, Советот ја повторува целата постапка и утврдува нов предлог за избор на судија. Тука не е прецизирано, па дали може Судскиот совет истиот кандидат да го предложи или тој кандидат повеќе нема право да биде предложен, односно колку пати има право, да не се случи ние да дискутираме за еден кандидат безброј пати на седницата.

ТОДОР ДИМОВ:

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што е во фаза Предлог за донесување закон, веднаш да кажам дека сум за донесување на овој закон. Меѓутоа, имам свои сугестии и предлози и мислам дека предлагачот на овој закон до колку сметаат дека се добри, треба да ги вгради во натамошните фази на донесување на овој закон.

Имено, во членот 15 од Законот е разработена постапката за разрешување на судии поради исполнување на услови за старосна пензија. Поради овие услови предлог за разрешување на судии го дава Републичкиот судски совет по иницијатива на таксативно набројани субјекти. Сметам дека иницијативата за разрешување на судија по овој основ може и мора да даде судот во кој судијата работел до исполнување на условите за прензија. Според тоа, овој член е неопходно да се утврди и обврска за иницијативата на судот во кој судијата работел.

По законот низ неколку членови е регулирана постапката за разрешување на судија и правата и обврските на разрешениот судија.

Разработени се две глобални основи за разрешување на судија по негова вина и без негова вина.

Второид основ причината по која судијата може да се разреши се таксативно набројани меѓу нив спаѓаат, ако судијата ја загуби способноста за вршење на функцијата поради нестручното и несовесното вршење на функцијата и поради потешка дисциплинска повреда.

Согласно членот 49 од Законот за редовните судии кој исто така во фаза на донесување, се предвидува судија кој ќе биде разрешен од должност да остварува право по основ на работа на начин и под услови утврдени со закон. Ваквата формулација е доста широка и сметам дека ги акумулира сите основи за разрешување на судија, право на работа и право на личен доход на судија за одре-ден временски период. Сметам дека е праведно судијата кој ќе биде разрешен од функција по своја вина да нема право на заштита и да ги остварува правата од работниот однос. Поради тоа сметам дека оваа одредба треба да се доработи на начин што прецизно ќе се каже кога и во кои услови судијата кој ќе биде разрешен од функција ќе ги остварува правата од работен однос.

Исто така членот 21 од Законот за Републичкиот судски совет сметам дека е во спротивност со членот 11 став 2 од истиот. Имено, во членот 11 став 2 Советот утврдува предлог за избор на судија врз основа на прибавени мислења на судот, органите и организациите во кои работел во совет во кој се избира, повисоките судови - Врховен суд на Македонија. Тоа значи дека Советот не е обврзан претходно да прибави мислење од страна на Министерството за правосудство и управа.

Во членот 21 е предвидена можност кога се утврдува предлог за избор на судија во работата на Советот да учествува и министерот за правосудство и управа, апсурдно е кога Советот нема обврска

претходно да прибави мислење од овој орган, а во неговата работа да учествува неговиот член. Сметам дека е неопходно да се бара мислење од Министерството за правосудство и управа при избор на судија, бидејќи овој орган има увид во работењето на судовите.

Републичкиот судски совет предлогот за избор на судија го утврдува врз основа на мислење од органите кои претходно ги спомнав, но сметам дека е потребно ваквото мислење без оповрзувачко дејство да се бара и од страна на Собранието на општината и негов орган - комисија во чиј суд се врши избор на судијата.

Ова е потребно од причина што сметам дека доколку кандидатот за судија доаѓа од иста средина од која ќе се врши избор е познат не само како стручњак во областа, но и пошироко како личност. На тој начин ќе се овозможи поефикасна контрола при изборот на овие функции и ќе се намали можноста на овие функции да дојдат лица чии стручни способности не се на висината што ги бара функцијата.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор?

Има збор министерот Ѓорѓи Наумов.

ЃОРЃИ НАУМОВ:

Почитувани пратеници, се работи за донесување на Предлог за донесување на закон за Републички судски совет кој за прв пат се востановува со Уставот на Република Македонија.

Овде сакам само на дел од забелешките кои беа ставени да укажам. Се укажа дека не може Републичкиот судски совет или член на Републичкиот судски совет да врши увид врз работата на судот и судиите. Со Уставот е ставена во надлежност на Републичкиот

судски совет да ја оценува стручноста на работењето на судијата, или совесноста во вршењето на неговата судска функција.Како членот на Републичкиот судски совет или целиот Судски совет ќе може да ја оценува стручноста на работата на судиите и несовесноста во извршувањето на нивната функција ако му се ускрати ова право да врши увид. Тоа е уставна обврска и мислам дека не држи овој приговор дека не може да се врши увид во работата на судиите. Токму во тоа се ингеренциите, тоа се овластувањата на Републичкиот судски совет.

По забелешката за критериумите за избор на судија мислам дека е доволно за судија да се избере оној кој има положен Правен факултет - правосудна насока, положен правосуден испит и плус три години за основен - почетен суд, три години правна работа по полагањето на правосудниот испит, се доволни критериуми што од друга страна обезбедуваат на судиска функција да не биде избрано лице кое практично нема возраст од 30 години. Овие критериуми се запазени тука. Бидејќи се работи за доста одговорна функција не може да дојде на судска функција кандидат кој е на 25-26 години кој го завршува факултетот на 24 години, плус три години му требаат за судиски испит, три години стаж и тоа се причините што се определивме за овие критериуми.

Дали истиот кандидат може повторно да биде избран? Ние во Законот ставаме решение ако кандидатот не биде избран од страна на пратениците на Собранието целата постапка се повторува, што значи повторно се распишува оглас, конкурс за избор на судија за дотичниот суд.

Некои од пратениците рекоа да се бара мислење од Министерството. Министерот за правосудство и претседателот на Врховниот суд на Република Македонија се само учесници во работата на Репуб-

личкиот судски совет без право на глас. Тие, своите мислења, ќе ги предложат во писмена форма на Републичкиот судски совет, Министерството конкретно ќе даде податоци за работата, квалитетот на работењето на секој конкретен судија. Тоа ќе го цени Републичкиот судски совет, а министерот нема никакво право на глас и мислам дека не треба да се бара негово учество во изборот, туку само давање на податоци, а тоа е обезбедено.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Прво, се извинувам не зедов на време збор пред министерот, па би сакал да кажам неколку работи. И по излагањето на министерот мислам дека некои работи не се јасни до крај.

Прво, самиот закон вака како е конструиран законот за оваа нова институција со која Уставот ја предвидува и со која се прави радикален напор да се дефинира функцијата воопшто на судството како независна власт во Републиката што клучна улога има Судскиот совет во целата таа работа, се прави со овој закон. Но законот погледнат во оваа предложена дикција што ја имаме многу малку дава материјално-правна основа дека овој судски совет си има централна и авторитетна улога она што треба да се постигне со тој судски совет. (Накратко дискусијата беше прекината со влегување на една мачка во салата).

Ако се погледне самиот текст на законот практично се гледа дека претежен дел е разработен во делот за дисциплинска постапка што на некој начин сакале или не се стекнува впечаток дека се внесува една доза на инквизиторност во однос на независност на судството и ингеренциите што ги добиваат поготово делот на водењето на дисциплинската постапка во однос на остварувањето на функцијата на судиите и нивната автономност.

Исто така, мислам дека треба да се направат напори во однос на овластувањата што би ги имал претседателот на секој суд почнувајќи од Основниот суд и другите судови, затоа што претседателот на судовите практично би требало да бидат само први личности меѓу еднаквите кои ќе ја организираат работата со посебни овластувања што му се даваат евентуално во водење на Предлогот за дисциплинска постапка, да се размисли на таа релација.

Стажот како критериум во однос на квалификативите што треба да ги имаат кадрите за избор на судовите, лично сметам дека е дигнат на едно високо ниво во однос и на основните и на вишите и Врховниот суд се моја определба дека би требало тој сепак да биде диференциран стаж што ќе се движи во рамките на стажот потребен за вршење на други работи, за да би можеле судските кадри да имаме освежување во тој дел. Инаку, ако постојат ваквите критериуми, тешко ќе можеме да имаме освежување во тој дел со нови кадровски решенија кај судовите. Во тие рамки мислам дека ваквите забелешки беа изнесувани и на работните тела што го разгледуваа Предлогот за донесување на закон за судскиот совет и мислам дека треба да се почитуваат во конечниот предлог што ќе дојде за расправа пред ова Собрание.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Јас се извинувам што после министерот се јавувам, но така набрзо помина и да кажам дека борбата за воспоставување на владението на правото и правната држава се одвива во рамките на стручното и независно судство, заштита на учесниците во судењето, слобода на судиското уверување и трагањето по правото на материјалната вистина. Но сигурно дека и во основната критика во градењето на независното судство, а и нашиот устав предвидувајќи во член 104 и 105, а предвидувајќи посебно во членот 99 во последните два става каде воведува и дисциплинска одговорност на судовите, е основна критика, мислам дека еден ретрограден процес во одвивањето на градењето на тоа независно судство. Бидејќи критикувајќи го стариот систем и воведувајќи се во новиот систем на градењето на парламентарната демократија, основна критика на стариот систем беше воведувањето на периодичниот реизбор на судовите, каде имаше големо влијание на политичкото собрание. Понатаму, воведувајќи критериуми на морална подобност на судиите исто така е една од основните критики во градењето на независното судство и посебно пропишувајќи ја дисциплинската одговорност на судиите, материјализирајќи го тоа преку нормативните акти кои се предвидуваат со овие закони. Сигурно дека кога веќе го има во Уставот за да може да се материјализира Законот, во формална смисла ги исполнува уставните определби дека овој законски проект треба да оди како таков, сега како предлог за донесување на закон не треба посебно да се расправа по секоја точка и да се дадат основните мислења дека во овој законски проект треба да бидат бришани сите мислења, сите претходни согласности кои мериторно не можат објективно да се материјализираат преку нормативни акти, а да не биде на слободно некое убедување, а мериторно предвидено со законот,

исто така согласно член 104, став 4 каде се предвидува дека членовите на Советот имаат "имунитет и за овој имунитет одлучува Собранието. Никаде во Законот не видов за предвремено разрешување на членовите на Советот, одговорноста на Советот во извршувањето на дадената функција спрема Собранието. Дали сега ние ќе препуштиме Советот да биде непогрешлив или за него да не може никој да му врши контрола во својата работа. Тоа е една основна моја забелешка која треба во иднина да се предвиди.

Исто така имам и забелешки на членот 13, последниот став каде предвидува ако Собранието на Република Македонија не донесе одлука за разрешување на судија во рок од три месеци од поднесувањето на предлгоот ќе се смета дека судијата е разрешен. Сметам дека ако Собранието именува некого за судија, не стои да може Собранието молкум негативно да одговори или да прифати разрешување на некој судија. Имам и други забелешки кои во натамошната постапка имав намера да ги искажам во врска со моите убедувања за тој судски совет.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Републичкиот судски совет.

2. Собранието ја задолжува Владата да подготви и на Собранието да му достави Нацрт на закон за Републичкиот судски совет, при што да ги има предвид предлозите, мислењата и сугестиите содржани во извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за

внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за општествено-политички систем и Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и оваа расправа овде да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правосудство и управа.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 6-та точка - Предлог за донесување на закон за судовите.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за општествено-политички систем, Законодавно-правната комисија, Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Комисијата за општествен надзор и претставки и забелешките на пратениците Страшо Милковски и Теодосие Паунов, ви се доставени однсоно поделени.

Отворам пререс.

Молам, кој бара збор?

ГАЗМЕНД АДАРАГА:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници и почитувани членови на Владата, имам само еден предлог во член 16 од Законот да се направи една измена, во точка 1 каде што Дебар е сместен во вишите судови кои се основаат за подрачјата, Дебар наместо во Битола да биде сместен во Скопје. Ова го предлагам поради тоа што Дебар никогаш гравитационо не гравитира спрема Битола, сите врски му се

со Скопје, и до сега била таква пракса и затоа предлагам тоа да биде и понатаму така.

ПАНЧЕ МИНОВ:

Почитувани пратеници, сметам дека има потреба од донесување на Законот за судовите. Се придружувам кон залагањата на надлежните комисии во правец на преиспитување со укинувањето на одредбата на член 20 од Законот со кој се предвидува нееднаква надлежност на сите судови односно се регионализира надлежноста на основните судови во однос на кривични тела за кои е предвидена казна затвор од 10 години за предмети од стопанските спорови, а истите не се утвр-дуваат во надлежноста на некои основни судови.Со тоа мислам дека се нарушува единственоста во надлежноста на основните судови и во таа смисла предлагам да не се  определува со закон градирањето на основните судови на понадлежни и поненадлежни со неоправдано образложение за недоволно стручна екипираност на некои основни судови. Само ќе кажам дека овие надлежности за Кавадарци се регионализираат во Основниот суд Титов Велес, а без малку стручната екипираност на давата суда е скоро иста. Ако има такви случаи, тие треба да се решаваат, односно ако има неекипираност на некои судови, тоа треба да се решава со делегирање на судови или побрза нивна стручна екипираност.

Исто така се придружувам кон залагањата  за поголема либе-рализација за избор на судиите.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за судовите.

2. Собранието ја задолжува Владата да подготви и на Собранието да му достави Нацрт на закон за судовите, при што да ги има предвид предлозите, мислењата и сугестиите содржани во извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за внатрешна поли-тика и општонародна одбрана, Комисијата за општествено-политички систем, Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Комисијата за општествен надзор и претставки и забелешките на пратениците Страшо Милковски и Тодосие Паунов, како и забелешките изнесени овде на седницата.

3. Овој заклучк заедно со извештаите на работните тела

на Собранието и забелешките на пратениците Страшо Милковски и Тодосие Паунов, како и забелешките изнесени на седницата, да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за правосудство и управа.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака. (Пратениците креваа рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на 7-та точка - Предлог за донесување на закон за јавното обвинителство.

Предлогот за донесување на Законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Законодавно-правната комисија, Комисијата за прашања на изборите и именувањата и Комисијата за општествено-политички систем, како и забелешките на пратеникот

Тодор Петров ви се доставени односно поделенк.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

ТУШЕ ГОШЕВ:

Само една забелешка на членот 18 каде за прв пат предвидува нешто ново кога Јавниот обвинител на Република Македонија најде дека поради повреда на Законот или на меѓународен договор постои основ да употреби правно средство против извршна судска одлука или одлука донесена во управна или друга постапка, за што е овластен со закон, може да бара да се одложи односно прекине извршувањето на таа одлука ако со нејзиното извршување би можеле да настанат неотстранливи штетни последици.

Вториот став, барањето за одлагање односно прекинување на извршувањето на ставот 1 од овој член го поднесува Јавниот обвинител на Република Македонија, овластен да го употреби правното средство против таквата одлука. Барање за одлагање односно прекинување на извршување се поднесува до Судот односно органот надлежен за дозволување на извршувањето. Ако извршувањето е во тек, до Судот, односно надлежниот орган кој го спроведува извршувањето. За прв пат се воведува ова право за одлагање на правосилна извршна, судска одлука и ако го погледнеме Законот за извршна постапка поточно од членот 63 до членот 68 каде се кажани условите за извршување, за одлагање на извршувањето на правосилни судски одлуки и ако го погледнеме член 384 од Законот за парнична постапка каде со покренувањето на вонредни правни средства за ревизија или за барање за заштита на законитоста или за повторување на постапката, сега овде станува нејасно како може обвинителот на една извршна, судска пресуда да бара надвор од постапките

предвидени во Законот за извршна постапка и во Законот за парнична постапка да бара одлагање или сега кој е тој суд кој мериторно може - сигурно дека извршен суд е Основниот суд, сега ќе бидат оние су-дови кои ја донеле првостепената пресуда, таквата одлука да има суспензивно дејство, Судот што ќе ја донесе. Нели значи тоа дека директно одиме во спротивност на постапките на Законот за извршна постапка, Законот за парнична постапка и Законот за кривична постапка. Сметам дека овој член е една новина што сеуште е неусклaдена во нашиот правен систем и сигурно дека за спроведување на овој план треба да претрпат измени и Законот за извршна постапка, Законот за парнична постапка и Законот за кривична постапка.

ЃОРЃИ НАУМОВ:

Прашањето дали Јавниот обвинител може да бара одлагање на правосилна судкса одлука не е ново ниту е тоа за прв пат воспоста-вено со овој закон. Напротив, во сите овие до сега изминати 45 го-дини Јавниот обвинител кој како државен орган е и чувар на закони-тоста во системот може и е овластен да подига барање за заштита на законитоста против правосилни судски одлуки. Во таков случај, ако оцени Јавниот обвинител дека со извршување на правосилната судска одлука може да настанат тешки ненадоместиви последици тој ќе пред-ложи до Судот од прв степен да го одложи извршувањето на правосил-ната судска одлука се до одлука на Врховниот суд на Република Маке-донија по неговото вонредно правно средство за заштита на законитоста. Мислам дека овој институт е и те како потребен бидејќи во животот се случува правосилната судска одлука да е правосилна и ако лицето оди во затвор, а очиглено е повреден законот, нема кој друг да ја исправи грешката туку Јавниот обвинител со ова правно средство и затоа е дадена можност за прекинување на извршувањето на кривичната санкција.

Со тоа не се менува ниту во процесните постапки ниту во другите закони.

ЕШРЕФ АЛИУ:

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, имам една сугестија или предлог на член 21. Во точка б) виши јавни обвинителства предвидено е да постојат во Битола и Штип и ред е такво више јавно обвинителство да се предвиди и за Тетово.

СТОЈАН АНДОВ:

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за јавното обвинителство.

2. Собранието ја задолжува Владата да подготви н на Собранието да му достави Нацрт на закон за Јавното обвинителство при што да ги има предвид предлозите, мислењата и сугестиите содржани во извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за општествено-политички систем и Комисијата за прашања на изборите и именувањата, како и забелешките на пратеникот Тодор Петров.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела

на Собранието и забелешките на пратеникот Тодор Петров, заедно и со овие забелешки кои овде беа доставени, да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за правосудство и управа.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Предлагам да разгледаме уште две точки, точките 8 и 9 кои се предози за донесување на закон и да прекинеме со работа.

Преминуваме на осмата точка - Предлог за донесување на закон за адвокатурата.

Предлогот за донесување на Законот и извештаите на Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана, Комисијата за општествено-политички систем и Законодавно-правната комисија и Комисијата за општествен надзор и претставки ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:

Ако ми дозволите, јас само би истакнал неколку начелни забелешки кои беа присутни во расправите и на Комисијата бидејќи Комисијата за внатрешна политика и народна одбрана расправаше два пати во врска со овие системски закони. Само за потсетување морам да кажам дека во врска со овој Предлог за донесување закон за адвокатурата имаш најмногу забелешки  и се оценува дека е еден од послабите од целиот овој корпус на предложени закони и претставниците на адвокатската комора дури навестија и дека можеби ќе предложат паралелен нов закон од нивна страна. Само колку за потсетување што беше искажано.

Во членот 10 и 29 да отпадне понуденото решение адвокатската комора да пропишува дополнителни услови за упис во регистарот на адвокатите со статусот на адвокатската комора односно во Законот се судрени сите услови за упис во регистарот на адвокатите.

Член 14 со кој се регулираат јавните овластувања во вршење на нотерските работи, изнесено беше мислење оваа новина што е внесена во Законот треба да се допрецизира, да се пропишат децидно и посебните услови кои треба да ги исполнува адвокатската канцеларија за обавување на тие работи, а исто така да се согледа можноста од проширување на јавните овластувања со други а истите би требало да се набројат во Законот.

Член 19 - би требало да се пропишат услови за упис на адвокатските приправници и истите да содејствуваат во условите предвидени во Законот за судовите.

Во членот 25 кој зборува за повреда на должноста и угледот на адвокатот и дисциплинската одговорност на адвокатот беше изнесена забелешка дека истиот треба да се допрецизира и прошири, а во таа насока беше нагласено дека треба да стане збор за надоместување на штета на странката од страна на адвокатот, но и регулирање на правниот лек по однос на изречената дисциплинска мерка.

Што се однесува до формите на извршување на адвокатурата, покрај класичната адвокатска канцеларија или здружена адвокатска канцеларија новата форма на организирање во претпријатие треба да се допрецизира и да се преоцени понуденото решение и истото да се усогласи со другите позитивни прописи.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:

Само да знае Собранието дека беше спомнато од претседателот на Комисијата за внатрешна политика и народна одбрана дека Адвокатската комора има забелешки.

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ: (продолжение)

Адвокатската комора има забелешки и ги прецизира со тоа што достави посебен закон, Законодавно-правната комисија заклучи работно да и тој закон што е предлог-текст од адвокатската комора го гледа рамноправно со предлогот од уставниот предлагач и така и постапи и се впушти во материјална расправа, имаше претставник овластен од предлагачот на Законот кој акцептира одредени решенија и ги има забелешките така да пред Собранието биде јасно дека и тој закон  во основа што сакаат тие да ги искажат своите основни забелешки се разгледувани и тие мислења се доставени до надлежниот предлагач, Министерството за правосудство.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за адвокатурата.

2. Собранието ја задолжува Владата, да подготви и на Собранието да му достави Нацрт на закон за адвокатурата, при што да ги има предвид предлозите, мислењата и сугестиите содржани во извештаите на Законодавно-правната комисија, Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана и Комисијата за општествено-политички систем и Комисијата за општествен надзор и претставки како и забелешките што беа изнесени.

3.Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела на Собранието и забелешките да се достави до Владата на Република Македонија и до Министерството за правосудство и управа.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за надворешно-трговско работење.

Предлогот за донесување на Законот и извештаите на Комисијата за стопанство, Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство, Комисијата за економска политика и развој и Законодавно-правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

ВАНЧО МЛАДЕНОВ:

Почитувани пратеници, го поддржувам Предлогот за донесување на закон за надворешно-трговско работење со цел надворешно-трговското работење во услови на прогласување на сувереност на Република Македонија да се регулира на ниво на Републиката. Бидејќи оваа фаза е на предлог за донесување на закон би дал неколку свои сугестии кои во понатамошната постапка односно во наредната фаза за донесување на Предлогот на законот се надевам дека ќе помогнат да бидат вградени во содржината на текстот на Предлогот на законот.

Прва моја оценка е дека решението понудено во Предлогот за донесување на закон содржат многу недоречености што ќе рече дека не е најуспешно извршено препишувањето на овој Предлог за донесување на закон од досегашниот федерален закон на Југославија, а со тоа, морам да кажам дека најверојатно не се земени во предност можностите на нашата Република. Мислам дека основна задача на тој закон треба да биде таа тој да биде прилагоден према условите на стопанствениците

односно на граѓаните кои ќе можат и кои ќе бидат способни да ја вршат оваа дејност во нашата Република, а не тој да биде составен или напишан според можностите на досегашните, да не речам и поголеми и поискусни куќи, увозници и извозници кои беа во поранешна Југославија.

Друга исто така моја сугестија и понатаму се задржува и пренагласено е администрирањето во самиот закон. Мислам дека треба таа свера да биде што е можно поупростена за да може да биде како што реков водена според условите во нашата Република. Еден пример само да наведам каде и понатаму се бара од оние што ќе вршат одредена работа на дејноста увоз-извоз да имаат висока школска подготовка. Мислам дека во денешни услови кога се залагаме за една пазарна економија и кога граѓаните ќе работат со сопствени средства со сопствен капитал, мислам дека нивни најголем интерес е тој капитал да го заштитат и да добијат профит, така да ние не би требало со закон да се грижиме дали тие луѓе ќе имаат одредена квалификациона способност за да можат да обавуваат одредена дејност. Тие најдобро знаат дали се способни или не се способни да ја обавуваат таа дејност и од таа причина мислам дека треба да биде и слободно одлучување на самите грагани за да може да учествуваат во оваа дејност.

Исто така, моја сугестија е и мое мислење дека овој закон не треба да биде гледан вака сепаратно како сам закон, туку тој мора да оди во пакет со другите закони од оваа свера, како што се на пример, Законот за девизно работење, Законот; за царини, Законот за стандардизација, Законот за кредитни односи со странство и во тој пакет во таа смисла и тој закон треба да биде

предложен и неговата постапка да се води бидејќи е непосредно врзан со сите овие закони. И доколку биде сепаратно носен мислам дека ќе изостанат одредените соодноси со сите тие закони кои треба да бидат, според моја оценка, во еден пакет донесени за да може да бидат и успешно прилагодени според условите во нашата Република.

ТУШЕ ГОШЕВ:

Покрај другите забелешки кои беа кажани, посебно забелешки имам на членот 72 и на главата XIII каде се кажува за чување на угледот во надворешно-трговското работење и нелојален натпревар, каде членот 72 утврдува или кажува дека "претпријатија и други правни лица и нивни работници се должни во надворешно-трговското работење да ги чуваат својот углед и угледот на другите претпријатија и угледот на Република Македонија во странство, како и да не вршат работи од нелојален натпревар. Владата на Република Македонија донесува пропис со кој поблиску се уредуваат работите кои се сметаат за повреда на угледот во надворешно-трговското работење и вршење на нелојален натпревар."Сметам дека како овој закон за надворешно-трговско работење ако ја испушти од вид да посебно дефинира што значи угледот, што значи повреда на угледот и на добрите обичаи и за деловниот морал, занемарување на интеесите на Република Македонија сметам дека е голема слабост на овој закон и предлагам односно моја сугестија е точно да утврди како што утврдил Сојузниот закон во членот 107 и членот 108 каде децидно утврдил што дефакто значи нелојален натпревар и што дефакто значи чување на угледот на надворешно-трговското работење.

Ако го погледнете сојузниот закон кој согласно на член 5 став  1од Уставниот закон е прифатен како републички закон

во членот 108 веќе кажува што значи нелојален натпревар во смисла на овој закон, дека претпријатието договара извоз со пониска цена, друго претпријатие веќе договорило, и сметам ако веќе препуштиме на Владата таа да утврдува со пропис што значи нелојален натпревар ќе направиме голем материјален пропуст во самиот закон. Предлагам да овој нелојален натпревар и чување на угледот биде регулиран во овој закон.

СТОЈАН АНДОВ:

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за надворешно-трговско работење

2. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата да изготви на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата на седницава.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на Комисијата за стопанство, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за надворешно-политички прашања и односи со странство, Законодавно-правната комисија, како и укажуивањата што беа дадени овде на седницата да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за односи со странство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (пратениците креваат рака).

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Предлагам вечерва да прекинеме со работа, а утре во 10 часот да продолжиме со работа. Ги повикувам сите пратеници од сите пратенички групи да дојдат на својата основна задача да работат во Собранието, на седницата на Собранието.

(Седницата прекина со работа во 20,10 часот).